Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ 07/2019

## НА СУДСКИ ПОСТАПКИ ПОВРЗАНИ СО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА



EU for YOU

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BASO NIJAMALO KRISIPE

Издавач:
Коалиција „Сите за правично судење“

Автор:
Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата Сите за правично судење и истата не ги одразува ставовите на Европската унија

Достапно единствено како електронско издание.

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## ПРЕДМЕТИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### КОК 4/19

Во конкретниот предмет 5 лица се обвинети за сторено кривично дело од член 215 од Кривичниот законик.

На ден **11.07.2019** година на рочиштето јавноста беше исклучена без судот да донесе решение за **исклучување на јавноста**. На набљудувачот од Коалиција „Сите за правично судење“ не му беше дозволено да присуствува како стручна јавност, ниту пак беше известен од кои причини се исклучува јавноста на судењето.

На ден **15.07.2019** година, рочиштето продолжи во фаза на доказна постапка. Се изведуваа материјални докази - видео снимки од страна на обвинителството. **Расправата не се снимаше**, односно за неа се водеше само записник, преку диктирање од страна на судијата.

На ден **16.07.2019 година**, рочиштето продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на еден сведок и четворица обвинети од вкупно 5 обвинети во овој предмет, на предлог на одбраната. Обвинетите беа и вкрстено испрашани од страна на јавниот обвинител, како што и претседателот на судечкиот совет го искористи своето право да поставува прашања на обвинетите. Во текот на испитувањето на сведокот и на обвинетите, **судот реагираше на поставените прашања** од страна на бранителите, како и на прашањата на јавниот обвинител, дури **и кога немаше истакнато приговор** од страна на странките во постапката.

Претседателот на судечкиот совет на еден од бранителите му изрече парична казна во износ од 300 евра поради непрофесионално однесување, односно поради помагање на сведокот и обвинетите при формулирањето на одговорите при нивното испитување.

Јавноста беше нотирана на записник како присутна на расправата. Расправата не се снимаше, односно за неа се водеше само записник преку диктирање од страна на судијата.

### КОК 6/18

**Предметот се води за кривично дело 273 став 1 и став 2 од КЗ.**

На ден 03.07.2019 година, рочиштето се **одложи поради бранителот** на обвинетиот, кој имал закажано друго судење во исто време.

### КОК 28/18

**Предметот се води за кривично дело од член 418 - а од КЗ.**

На ден 10.07.2019 година, рочиштето беше закажано во судница 1 во Кривичниот суд, но поради одржување на друг предмет во судската сала, се извести дека за овој предмет расправата ќе се

одржува во стариот кривичен суд. Надвор од судската сала, записничарот извести дека судењето ќе се **одлага поради барање на бранител** во постапката, по што беше кажан датумот за наредното рочиште.

## КОК 30/19

Предметот се води за кривично дело од член 368 - а од КЗ.

На ден 12.07.2019 година, рочиштето беше одложено поради **отсуство на јавниот обвинител** кој бил надвор од државата на службено патување.

## КОК 35/19

Предметот се води за кривично дело од член 418 - а и по член 418 - в од КЗ.

На ден 09.07.2019 година, рочиштето се одложи бидејќи **обвинетите не беа спроведени од притвор**.

На 10.07.2019 на главната расправа Јавниот обвинител го прецизираше обвинителниот акт за третообвинетиот во предметот, по што 3то обвинетиот се изјасни дека ќе пристапи кон признавање на вина.

Одбраната на 1во и 2ро обвинетиот побараа раздвојување на постапката со цел подготовка на одбраната. Судот донесе решение за раздвојување на постапката за двајцата обвинети за која по ставање на архивски судски КОК број, странките ќе бидат известени за време и место на одржување на главната расправа со покана.

Расправата продолжи со давање на воведен говор од страна на јавниот обвинител кој беше од техничка природа, затоа што судот писмено на записник го внесе обвинителниот акт како воведен говор, а примерок од прецизираниот обвинителен акт им беше даден на одбраната и обвинетиот. По признанието на вина, судот само постави прашања за доброволноста на признанието, **не изведе докази релевантни за одмерување на висината на казната**, по што му изрече казна затвор во траење од 4 години.

## КОК 37/19

На ден **08.07.2019** година, рочиштето се одложи поради **отсуство на дел од обвинетите**. Поради одлагање на предметот нема информација за кое дело се работи и бројот на обвинети во предметот.

## КОК 38/16

Предметот се води за кривично дело 353 од КЗ, познат под кодно име „ЗМИСКО ОКО“.

На 05.07.2019 година, главниот претрес се одложи поради отсуство на дел од обвинетите како и нивните бранители. Дополнително, претседателот на судечкиот совет наведе дека до овој суд е доставено барање за спојување на овој предмет со предмет КОК-41/08 (Змиско око 2), со

образложение дека се работи за ист кривичноправен настан со различни обвинети. Од таа причина судот донесе решение за спојување на двете постапки во една единствена, со можност во иднина истата повторно да се раздвои доколку се појават оправдани причини за тоа.

## КОК 51/19

Предметот се води за кривично дело од член 394 став 1 и од член 378 став 3 од КЗ.

Постапката за овој предмет се води по стар ЗКП, со оглед дека се однесува за кривичен настан случен во 2012 година и за кој има осудителни пресуди за 14 обвинети од кои дел ги издржале своите казни, а дел се уште ги издржуваат. Постапката била раздвоена за сега обвинетиот поради негово бегство и бил осуден во отсуство, кој после некое време самиот се предал во амбасадата на РМ која се наоѓа во Германија.

На ден 15.07.2019 година главниот претрес се одржа. Иако предметот се води во стар ЗКП, судењето започна со инструменти од новата постапка, односно на денешниот претрес јавниот обвинител и бранителот дадоа воведни говори, а потоа обвинетиот на главниот претрес ја призна вината, по што судот поставуваше прашања во врска со доброволноста на признанието, изведе докази само за утврдување на висината на казната и му изрече казна затвор во времетраење од 2 години.

## КОК 53/15

Поради одлагање на предметот нема информација за кое дело се работи и бројот на обвинети во предметот.

На ден 02.07.2019 година на закажаниот термин во судот, судницата каде што беше закажано рочиштето не се појави никој. По извршена проверка на шалтерите во судот во делот за предмети од организиран криминал добиено е усно известување од службеникот за одлагање на рочиштето поради отсуство на обвинетите и нивните бранители.

# ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

## К 238/18 ПОД КОДНО ИМЕ „ТРЕВНИК“

На 02.07.2019 година, се дадоа завршните зборови од страна на странките во постапката. Завршни зборови дадоа јавниот обвинител во траење од час и половина, 2 бранители и 1 обвинет. Другите двајца обвинети изјавија дека остануваат во целост на завршните зборови од нивните бранители и немаат свој завршен збор. Се закажа објава на пресуда на 04.07.2019 година во 9:00 часот.

На ден 04.07.2019 година претседателот на советот јавно ја објави пресудата. Прво судот се осврна кон обвинителниот акт по кој се обвинуваат обвинетите, односно го наведе кривичното дело и наведе дека пресудата е донесена во согласност со доказите, а потоа изрече ослободителна пресуда за обвинетите.

## К 817/11 ПОД КОДНО ИМЕ „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“

На ден 04.07.2019 година, судијата кажа дека барањето за изземање на судија поротник поднесен од бранителот на 1во обвинетиот се одбива како неоснован.

Сведокот кој беше повикан со замолница преку Министерство за правда до Грција нема никаков одговор.

Судијата кажа дека има услови за денешниот претрес и потоа бранителот од одбраната кажа дека СЈО ги прифатиле сите предлози за докази од нивна страна. Судијата како во неформален разговор праша дали се согласни предложените докази од Обвинителството и дополнети со докази од одбраната доставена до судот да се стават на записник - по што странките се согласија. ЈО кажа дека дополнителните докази ќе ги поднесат во текот на постапката.

## К 1493/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТОТАЛ“

На ден 11.07.2019 раправата се одложи поради тоа што судот немаше технички услови за одржување на рочиштето. Опремата за снимање на судењето била во друга судница, за друг предмет кој што бил притворски.

## К 1959/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТОРТУРА“

На ден 05.07.2019 година, на рочиштето се испитаа двајца сведоци предложени од страна на Специјалното јавно обвинителство. Сведоците беа испитани во директно испрашување од страна на обвинителството, додека пак одбраната не го искористи своето право за вкрстено испрашување. Судот не го искористи своето право согласно член 383 став 5 и не поставуваше прашања. Во текот на директното испитување, одбраната даваше приговори на поставените прашања на кои судот внимаваше и веднаш донесуваше решение за нивна дозволеност согласно ЗКП.

## КОК 3/19 ПОД КОДНО ИМЕ „ТАЛИР“

На ден 09.07.2019 година, рочиштето се **одложи** поради **отсуство на претставник на обвинетото правно** лице ВМРО ДПМНЕ.

## КОК 7/18 ПОД КОДНО ИМЕ „ТИТАНИК“

На ден 05.07.2019 година, рочиштето се **одложи** поради **непотполн судечки совет.**

## КОК 7/19 ПОД КОДНО ИМЕ „ТРИСТА“ (ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКА)

На ден 02.07.2019 година, рочиштето се одложи поради тоа што обвинетиот не беше спроведен од КПУ Идризово, каде издржува казна затвор определена во предметот „Тенк“.

## КОК 46/19 ПОД КОДНО ИМЕ „БОЖИНОВСКИ“

На ден 12.07.2019 година, главниот претрес се одложи поради **отсуство на сведоци**, а за кои има уредна достава.

## КОК 47/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТВРДИНА/ТАРГЕТ“

На ден 08.07.2019 година, постапката продолжи во доказна постапка со испитување на 1 сведок предложен од страна на ЈО. Пред директното испитување на сведокот, јавниот обвинител предложи да се изведат два материјални докази бидејќи сведочењето е поврзано со нивната содржина. Одбраната го искористи своето право да го испита сведокот вкрстено. Испитувањето беше неколку пати прекинато од страна на судот кој после секој даден одговор на сведокот дополнително му поставуваше прашања со цел појаснување на одговорот. По завршување на вкрстеното испитување, судот го искористи своето право од член 383 ст.5, но испитување не беше ограничено на она што сведокот го кажа во својот исказ, туку прерасна во посебно испитување.

## КОК 60/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТРЕЗОР“

На ден 01.07.2019 година, рочиштето продолжи во доказната постапка со испитување на еден сведок предложен од страна на обвинителството. Сведокот беше испитан директно од страна на јавното обвинителство и од страна на одбраната. Вкрстено сведокот не беше испитуван. Судот го искористи своето право согласно член 383 став 5 и го испраша сведокот за појаснување на веќе дадените одговори. Судот внимаваше за дозволеноста на поставените прашања по истакнат приговор и без истакнат приговор. Судот помагаше во формулирање на одредени прашања поставени од страна на ЈО. Во одреден дел од давањето исказ на сведокот, судот донесе решение по барање на ЈО, со кое ја исклучи јавноста од судењето односно медиумите со образложение дека во одреден дел од исказот сведокот би можел да даде исказ кој се смета за деловна тајна и други класифицирани информации. Стручната јавност не беше исклучена од судењето.

## КОК 64/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТЕНДЕРИ“

На ден 09.07.2019 година, рочиштето било **одложено** поради **закажување на друг предмет кај ист претседател на судечки совет.** Расправата е одложена на претходно рочиште по друг предмет наречен “Талир” на кој суди истиот судија како претседател на судечкиот совет кој на тоа рочиште го одложил денешното рочиште по предметот „Тендери“. Судењето воопшто не се одржа, бидејќи странките веќе знаеле за промената во распоредот, па така наместо Тендери се вметнал предметот Талир во кој има ист обвинет.

На 10.07.2019 рочиштето се одложи поради **отсуство на обвинет**, а поради оправдани причини.

## КОК 66/17 ПОД КОДНО ИМЕ „МОНСТРУМ“

На 01.07.2019 главниот претрес продолжи во доказна постапка каде што беа изведени докази на одбраната, беше испитан еден сведок и беа прочитани исказите на останатите сведоци кои што се недостапни на органите на прогон. Предметот се води по стар ЗКП. Судијата ги извести странките дека дал наредба за изготовка на ново вештачење на мобилните телефони бидејќи сега МВР има нова технологија за вештачење.

# КОМЕНТАРИ

Загрижува трнедот на високот број на одложени расправи поради отсуство на обвинетите, но и на нивните бранители во постапката. Сметаме дека е неопходно правилно функционирање на автоматскиот судскиот систем за управување со предметите (АКМИС) преку кој соодветно би се насрочувале предметите, со што би се одбегнала пракитката за преклопување на термините. Воедно, загрижувачка е тенденцијата на отсуство на обвинетите или нивните бранители, како и на членовите на судскиот совет или јавниот обвинител, со што се доведува во прашање не само ефикасноста на судската постапка, туку и правичноста на истата.

Забележлив е и опстојува трендот на доминантна улога на судот во текот на испитувањето на сведоците во текот на доказната постапка. Имено, наместо судот да се воздржи од поставување на прашања на сведоците и/или оваа негова пратика да биде само во исклучителни случаи, доколку е тоа потребно само за разјаснување на некои факти, се уште сме сведоци на практиката на активен суд, кој под превезот на правото уредено во членот 383 од ЗКП, воведува целосно сопствено инквизиторно испрашување. На овој начин се нарушува начелото на независност и непристрасност на судот, а во истовреме се рушат и начелата на акузаторанта кривична постапка, каде главната улога на странките во постапката е да го убедат судот надвор од разумно сомневање во вистинитоста на своето тврдење. Во спротивно, согласно овие начела каде судот не е должен да ја утврдува вистината, а доколку јавниот обвинител не успее да го убеди судот надвор од разумното сомневање во вистинитоста на неговата теорија на случај, тогаш судот би требало да биде пасивен и да постапи согласно начелата на *in dubio pro reo* или *in dubio pro libertate*. Дотолку повеќе, сметаме дека е неопходно судот да обрнува поголемо внимание на неговата улога во текот на главната расправа при директните и вкрстените испитувања на сведоците, и притоа да не реагира по службена должност (која според ЗКП воопшто и не е предвидена) на дозволеноста и на начинот на формулирање на определни прашања од странките во случаите кога за тоа не се дадени соодветни приговори. Ова во насока на задржување на неговата непристрасност.

Во оваа смисла сметаме дека е потребно да се обрне и дополнително внимание врз унапредувањето на степенот на професионалните стандарди на бранителите и на обвинителите, а во насока на почитување на одредбите од ЗКП кои што се однесуваат на правилата и стандардите за директните и вкрстени испитувања, како и во однос на правилата и стандардите за содржината на воведните и завршните говори.

Загрижува трендот на неизведување на докази за поткрепа на даденото признание за вината на обивнетиот во текот на главната расправа. Имено, во случаите кога е дадено признание за вина од обвинетиот, сметаме дека е неопходно судот да изведе минимум докази, врз основа на кои непротивречно ќе го поткрепи со факти ваквото признание. Во спротивно, немаме основ за прифаќање на признанијата, од едноставна причина што во овие случаи се добива впечатокот за арбитрерност на судот при оценката на дадените признанија за вина од страна на обвинетиот.

Неопходно е судот повеќе да внимава на одредбите од ЗКП по службена должност во случаите кога предметите се водат по стариот ЗКП; со цел одбегнување на процесни пропусти, кои понатаму може да бидат искористени со цел вложување на правни лекови, кои би имале резултат за повторувањето на кривичната постапка по новиот ЗКП. На овој начин би се лимитирале можностите за евентуалното

изигрување на правдата од страна на обвинетиот, во насока дека во текот на повторената постапка би добил полесен третман или ова повторување би водело кон исполнување на одредбите за застареност на кривичното гонење, со што обвинетиот би бил неправедно поставен во привилегирана положба.

Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ 08/2019

## НА СУДСКИ ПОСТАПКИ ПОВРЗАНИ СО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА



Издавач:
Коалиција „Сите за правично судење“

Автор:
Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата Сите за правично судење и истата не ги одразува ставовите на Европската унија

Достапно единствено како електронско издание.

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

### К 1904/16 ПОД КОДНО ИМЕ "НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР"

На ден 29.08.2019 расправата се одложи поради барање за иземање на Јавниот обвинител на СЈО кој се наоѓа во притвор, а по истакнат приговор од страна на одбраната за овластувањата на јавните обвинители кои го застапуваат предметот, а кои црпат овластување од него. По пауза од 45 мин судот донесе решение со кое ја одложи главната расправа се со цел да се прибави Решението од Советот за јавни обвинители во врска со статусот на Специјалниот јавен обвинител.

### К 1905/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТИТАНИК 3"

На19.08.2019 пред почнување на главната расправа одбраната побара **изземање** на јавните обвинители кои го застапуваат овој предмет, врз основа на отворената кривична постапка против Специјалниот јавен обвинител поврзана со злоупотреби во друг кривичен предмет. Одбраната воедно побара и иземање на Јавниот обвинител на СЈО Претседателот на судечкиот совет го прекина рочиштето и барањето го испрати до повискиот надележен јавен обвнител, во овој случај Јавниот обвинител на СЈО. По дадена пазуа, барањето за иземање беше одбиено, а барањето за иземање на Јавниот обвинител на СЈО, претседателот на судечкиот совет извести дека ќе биде препратено до Советот на јавни обвинители.

Потоа расправата продолжи во доказна постапка со изведување материјални докази предложени од страна на одбраната, согласно листата на докази. Изведувањето на доказите се одвиваше со презентирањена содржината на доказот од страна на одбраната. Од страна на одбраната беше побарано да се изврши и графолошко вештачење на одредени записници во доказниот материјал од страна на меѓународни експерти. После советување, судечкиот совет донесе решение со кое ваквото барање го одби.

На 26.08.2019 главната расправа се **одложи** поради отсуство на еден од обвинетите во предметот.

### КОК 7/18 ПОД КОДНО ИМЕ „ТИТАНИК"

На 12.08.2019 главната расправа продолжи во доказна постапка, на која се изведуваа материјални докази предложени со листата на докази на обвинителството. Материјалните докази беа изведувани со презентирање на содржината на доказот од страна на јавниот обвинител.

На рочиштето за главна расправа на 14.08.2019се продолжи со доказната постапка, на која се изведуваа материјални докази предложени од обвинителството. Материјалните докази беа изведувани со презентирање на содржината на доказот од стана на јавниот обвинител.

На 16.08.2019 главната расправа се **одложи** поради непотоплн судечки совет.

На 19.08.2019 главната расправа се **одложи** поради непотоплн судечки совет.

На 23.08.2019 пред отпочнување на главната расправа, одбраната побара прекин на постапката поради определниот притвор за Јавниот обвинител на СЈО, како и поради постапките пред Советот на јавни обвинители и Собранието на РСМ во однос на статусот на СЈО. Во насока на приговорите на одбраната, јавниот обвинител побара одлагање со цел произнесување во однос на денешните истакнати наводи на одбраната за донесување решение за прекин на постапката. Судот го усвои предлогот на јавниот обвинители ја одложи главната расправа.

## КОК 7/19 ПОД КОДНО ИМЕ „ТРИСТА“

На 22.08.2019 главната расправа се **одложи** поради отсуство на **техничкиот** советник, предложен од страна на одбраната. Одбраната го извести претседателот на судечкиот совет дека отсуството се должи на лоша здравствена состојба, по што беше побарано да се достави лекарската документација до судот.

На 23.08.2019 главната расправа повторно се одложи поради **отсуство** на **техничкиот** советник, за кој одбраната доставила лекарска документација. Претседателот на судечкиот совет истакна дека ќе се заложи да ја расчисти оваа ситуација се со цел да нема евентуални злоупотреби за одложување на постапката.

## КОК 64/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТЕНДЕРИ“

На 29.08.2019 главната расправа се одложи поради **отсуство на сведок** предложен од страна на обвинителството.

## КОК 66/17 ПОД КОДНО ИМЕ МОНСТРУМ

На 22.08.2019 расправата беше одложена поради **непотполн судечки совет**. Судот наведе дека претседателот на советот е на боледување и дека поради напатствија од судот, а поради избегнување на трошоците, на денешното закажано рочиште обвинетите не се спроведени од затвор.

На 26.08.2019 главната расправа беше **одложена** поради вршење на увид од страна на одбраната на **новите предложени докази од страна на обвинителството**.

# КОМЕНТАРИ

Овој месец е карактеристичен по бројот на одложените судски рочишта. Една од причините за одлагање е во голема мерка рефлекција на законските одредби за СЈО. Нема процесна логика рочиштата да се одлагаат заради причини на обвинителството, како на пример, предлагање на нови докази во текот на судењето, што со новиот ЗКП не е дозволено.

Исто така за жал повторно е присутен трендот на одлагање на рочиштата и поради спреченост на судечкиот совет, за кој сметаме дека е неприфатлив, особено имајќи го предвид фактот дека токму за вакви сериозни кривични дела, како и поради интересот на општеството, барем декларативниот, би требало да се применат одредбите на ЗКП, според кои е предвидена можноста за определување на дополнителни судии. Без оглед на фактот дека судиите имаат пребукиран распоред, а имјаќи го предвид превенствено општествениот интерес за ефикасно и правично окончување на овие криивични постапки. Во спротивно ваквата практика на судот може да се протолкува исклучиво во интерес на одолговлекувањето на судските рочишта, на начин на нивно бегање од одговорноста во условите на несовршеност и нејасност на законските одредби, првенствено од Законот за СЈО.

Исто така, интересна е и состојбата на одлагање на рочиштата поради отсуство на техничките советници, кои согласно ЗКП, воопшто не се третираат како странки во постапката или како сведоци и/или вештаци, односно како лица чиешто присуство е задолжително за одржување на главната расправа. Сходно на тоа се поставува и прашањето врз основа на која одредба од ЗКП се одлагаат овие рочишта.

Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ 09/2019

## НА СУДСКИ ПОСТАПКИ ПОВРЗАНИ СО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА



EU for YOU

AD

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BASO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI KOALICIJA

Издавач:
Коалиција „Сите за правично судење“

Автор:
Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата Сите за правично судење и истата не ги одразува ставовите на Европската унија

Достапно единствено како електронско издание.

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## ПРЕДМЕТИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### КОК 38/16 ПОД КОДНО ИМЕ „ЗМИСКО ОКО“

На 02.09.2019 **дел од обвинетите не беа присутни** бидејќи се наоѓале во странство, а еден не беше спроведен од КПД Идризово, додека за останатите судот нема официјална информација зошто истите се отсустни, иако според наводите на останатите обвинети тие не доаѓаат на закажаните претреси од причина што истите постојано се одлагаат. Дополнително на самиот почеток од рочиштето судот наведе дека се раздвојува постапката по однос на сите обвинети кои не се присутни на денешниот претрес, а сето тоа заради економичност и целисходност на постапката, односно заради останатите обвинети кои што се присутни на секое рочиште.

Потоа рочиштето продолжи со утврдување на идентитетот на обвинетите, односно истите беа прашани само дали има некакви промени по однос на нивните податоци наведени во обвинителниот акт, како и дали остануваат во целост кон претходно дадениот исказ во постапката. Најголем дел од обвинетите останаа на исказот претходно даден во постапката, додека пакдвајца од обвинетите истакнаа дека исказот кој го дале претходно е даден под притисок.

### КОК 38/19 –ПОД КОДНО ИМЕ„ЛИКВИДАЦИЈА“

Предметот е вратен од страна на Врховниот суд и се води против 8 обвинети кои се товарат за: „примање поткуп“- член 357 од КЗ, „злоупотреба на службената положба и овластување“ по член 353, „неовластено оддавање информации и податоци за сведоците, соработниците на правдата, жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци и нивните блиски лица“ по член 42 од Законот за заштита на сведоци, „противзаконито посредување“ од член 359 од КЗ, како и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материјали“ по член 396 од КЗ.

На 03.09.2019 започна повторената постапка за предметот под кодно име „Ликвидација“. Јавниот обвинител на рочиштето го извести судот дека истакнува предлог за запирање на постапката за дел од обвинетите поради настапување на **апсолутна застареност**. ЈО образложи дека од извршување на кривичните дела се поминати повеќе од 10 години за дел од обвинетите, а за кривични дела за кои е запретена казна до 5 години за четворица обвинети, додека пак за двајца обвинети постапката ќе продолжи. Судот ги извести странките дека решенијата по доставениот предлог ќе бидат изготвени во рок од 5 дена и ќе бидат доставени до нив.

### КОК 87/19

Предметот се води против 1 обвинет, за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти“ по член 418-б став 2 в.в став 4 од КЗ.

На 16.09.2019 главната расправа започна со давање на воведни говори од страна на јавниот обвинител, бранителот на обвинетиот и самиот обвинет. Обвинетиот беше прашан од судот дали разбира за што е обвинет, по што се пристапи кон поуките за правата, од кои детално му беа објаснети само правото да молчи и правото да даде исказ пред судот.

Обвинетиот пристапи кон признавање на вина, по советување со својот бранител, а судот постави прашања за да ја провери доброволноста и свесноста на признанието и последиците од него, како и прашања во врска со кривичното делот и фактичкиот опис на настанот. Не се изведоа докази по признанието на вина. Потоа, судот ја изрече пресудата со која го осуди обвинетиот на казна затвор, имајќи ги во предвид сите олеснителни околности и примена на член 41 став2 од КЗ, како и образложувајќи ги сите аргументи кои ги земал во предвид при изрекување на пресудата.

# ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

## К 1129/18 ПОД КОДНО ИМЕ „ТВРДИНА 2“

На 02.09.2019 главната расправа беше одложена поради отсуство на бранителот на обвинетиот на кого му се суди во отсуство, а со оглед дека одбраната е задолжителна, постапката ќе продолжи на претходно закажаниот термин на 04.09.2019 година.

На 04.09.2019 главната расправа се испитуваше сведок предложен од страна на обвинителството со листата на докази. Сведокот беше директно испитуван од страна на ЈО со прашања со кои го водеше сведокот низ изказот, додека пак на одбраната и беше овозможено да го испраша сведокот во вкрстено испитување, но од страна на одбраната не беше искористено ова право. Во текот на испрашувањето не беа истакнати приговори.

## К 1493/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТОТАЛ“

На 20.09.2019 главната расправа се одложи поради непотполн судечки совет. Причината за отсуството е службени обврски на судија член на судечкиот совет по предметот.

## К 1904/16 ПОД КОДНО ИМЕ „НАСИЛСТВО ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР“

На 10.09.2019 главната расправа се одложи по барање на бранителите на обвинетите, со цел да не се случат битни повреди на постапката, а сѐ до конечно завршување на постапката за предавањето на предметите од СЈО кон ЈО на РСМ. Јавниот обвинител истакна дека сведокот повикан за денешното рочиште е присутен, а и тој е спремен да го испитува, секако доколку постои согласност од страна на одбраната за тоа. Со ваквиот предлог на јавниот обвинител, не се согласи одбраната и судот донесе решение и го прифати предлогот на одбраната за одлагање на денешното рочиште.

На 25.09.2019 главната расправа се одложи поради тоа што предметот со сите списи е на увид во Судскиот совет на РСМ.

## К 1905/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТИТАНИК 3“

На 13.09.2019 главната расправа беше одложена по барање на јавниот обвинител, а поради преземањето на предметите на СЈО од ЈО на РСМ.

## К 1959/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТОРТУРА“

На 13.09.2019 главната расправа се одложи поради отсуство на сведок, за кој судот нема доказ за извршена уредна достава.

На 26.09.2019 главната расправа се одложи поради отсуство на петто обвинетиот во предметот, а поради здравствени причини.

## КОК 7/18 ПОД КОДНО ИМЕ „ТИТАНИК“

На 04.09.2019 пред почнување на главната расправа еден од бранителите побара одлагање поради тоа што имал друго рочиште од друг предмет исто така на СЈО, меѓутоа судот го одби таквото барање со образложение дека истиот ќе биде заменет од друг присутен бранител, по што судот донесе решение со кое го одби предлогот на одбраната. Главната расправа продолжи во доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на обвинителството. Доказите беа изведувани со читање на насловот на доказот од страна на јавниот обвинител.

На 23.09.2019 главната расправа се одложи по барање на јавниот обвинител, а поради преземањето на предметите на СЈО од страна на ЈО на РСМ. На одбраната не и беше овозможено да се произнесе за барањето за одлагање на рочиштето дадено од СЈО.

## КОК 7/19 ПОД КОДНО ИМЕ „ТРИСТА“

На 06.09.2019 главната расправа се одложи поради **отсуство на вештото лице**. Судот му посочи на обвинителството дека истиот треба да донесе лекарска потврда бидејќи во спротивно ќе биде казнет за неоправдано отсуство.

На 11.09.2019 главната расправа повторно се одложи поради **отсуство на техничкиот советник**, но и поради спорниот и несигурен статус на Специјалното јавно обвинителство и предметите иницирани од ова обвинителство. Претседателот на советот напомена дека доколку на наредното закажано рочиште не дојдат повиканите вештаци истите ќе бидат казнети.

На 20.09.2019 година, **постапката започна од почеток поради протек на 90 дена**, при што беше утврден идентитет на обвинетиот, а странките изјавија дека остануваат на своите наводи претходно изнесени во постапката.По договор на обвинителството и одбраната беше побарано одлагање на рочиштето иако на рочиштето беа присутни вештакот и техничкиот советник поради чие отсуство расправата претходно се одлагаше.

На 30.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со испитување на вешто лице од страна на ЈО и технички советник од страна на одбраната, кои беа и вкрстено испитани од спротивната страна согласно ЗКП.Прашањата во вкрстеното испитување во голема мера излегуваа надвор од директното, за што спротивната страна вложуваше приговори, а судот соодветно реагираше на истите.

## КОК 30/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТРАНСПОРТЕР“

На 10.09.2019 главната расправа беше **одложена** поради неизвесноста на статусот на СЈО, како и преземањето на предметите од страна на ЈО на РСМ.

На 16.09.2019 главната расправа се одложи поради барање за одлагање доставено од страна на ЈО на РСМ, а поради преземањето на предметите.

На 23.09.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази од тендерска документација како договори и записници презентирани од страна на застапникот на обвинението, но само со читање на насловот на доказите.

## КОК 46/19 ПОД КОДНО ИМЕ „БОЖИНОВСКИ“

На 03.09.2019 поради протек од 60 дена главниот претрес започна од почеток. Јавниот обвинител и обвинетите истакнаа дека остануваат на сѐ што имаат изнесено до сега пред судот. Претресот продолжи во доказна постапка со сослушување на 1 сведок. Бидејќи истиот сведок бил испитан пред судот во 2014 година, а јавниот обвинител постави само 2 прашања, претседателот на судечкиот совет истакна дека странките од сега ќе мора да ги кажат и образложат околностите на кои ги повикуваат сведоците за да не се одолговлекува постапката.

## КОК 47/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТАРГЕТ-ТВРДИНА“

На06.09.2019 главната расправа се одложи поради отсуство на сведок предложен од обвинителството, а за кој нема уредна достава.

На 23.09.2019 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка беше директно испитан еден сведок предложен од страна на јавниот обвинител. Одбраната побара да го добие записникот од директното испитување, како и одлагање на рочиштето за главна расправа со цел да се подготват за вкрстено испитување.

## КОК 53/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТНТ“

На 11.09.2019 главната расправа се одложи на барање на јавниот обвинител во постапката, а поради предавање на предметите од СЈО на ЈО на РСМ. Одбраната се согласи со барањето на јавниот обвинител.

На 23.09.2019 година, на рочиштето за главна расправа во фаза на доказна постапка директно беа испитани технички советник и двајца сведоци предложени од страна на одбраната, кои потоа беа и вкрстено испитани од страна на обвинителот. Расправата беше прекината поради истек на работното време на судот.

## КОК 66/17ПОД КОДНО ИМЕ „МОНСТРУМ“

На 05.09.2019 главниот претрес се изведуваа материјални докази, со читање на насловот на доказот од страна на судијата. Иако предметот се води по стар ЗКП, текот на претресот се снима и истовремено се води записник преку диктирање од страна на судијата.

На 18.09.2019пред почнување на главниот претрес јавните обвинител во овој предмето доставија до судот овластувања дадени од Јавниотобвинител на РСМ, со кое се овластуваат јавните обвинители да го застапуваат овој предмет. Главниот претрес продолжи во доказна постапка и се изведоа 25 аудио снимки предложени од страна на обвинителството. Доказите се изведуваа со презентирање на содржината на снимките од страна на судијата - претседател на судечкиот совет.При изведување на една снимка во времетраење од две минути јавноста беше исклучена поради заштита на приватниот живот на обвинетиот или сведокот. Во текот на главниот претрес беше дадена кратка пазуа, а по завршување на истата тројца од бранителите во овој предмет не се појавија во судница во зададеното време, пасудот согласно чл.311 ст.1 ги казни со парична казна од по 500 евра.

## КОК 99/16 ПОД КОДНО ИМЕ „ШПИОН“

На 05.09.2019 пред започнување на претресот, претседателот на судечкиот совет извести дека еден од бранителите доставил до судот известување со кое го информира судот дека безбедносниот сертификат му е изминат и во овој момент, бидејќи во овој предмет има класифицирани докази, нема да може да го застапува својот клиент. На ова се приклучија и другите бранители кои истакнаа дека и нив им се истечени сертификатите, но претседателот на судечкиот совет ги извести дека нема никакви пречки за да се одржи денешниот претрес бидејќи доказите кои денеска се планирани да се изведат веќе се имаат изведено во време кога сертификатите имале важност, и не претставува правна пречка за текот на постапката. Присутен во судницата беше и сведок – вештак од МВР, но судијата го извести дека на денешниот претрес нема да биде сослушан, поради започнување на постапката од почеток. На главниот претрес на прашање на судот сите обвинети истакнаа дека остануваaат на исказот даден од претходно. Јавниот обвинител истакна дека останува на обвинителниот акт од 14.12.2013 година со предложените докази и на сѐ што е кажано до сега. Формално во запсникот беа внесени претходно изведените материјални докази како и исказите на сведоците сослушани во текот на постапката.Судот констатираше дека поради известувањето од МВР кое денеска се достави до странките произлегла нова ситуација, за која појаснување треба да дадат одредни сведоци кои ќе се повикаат дополнително, па поради тие причини денешниот претрес се одложи.

## КОК 817/11ПОД КОДНО ИМЕ „МАЏАР ТЕЛЕКОМ“

На 24.09.2019 главниот претрес се одложи поради отсуство на сведок за кој нема уредна достава. Исто така, на денешниот претрес судот ги извести странките дека другиот повикан сведок доставил писмено известување до судот дека тој не ги познава обвинетите во овој предмет, ниту пак му е познато за нивните дејствија за кои се води оваа постапка. Јавниот обвинител истакна пред судот дека сведокот дал исказ пред обвинителот, и дека она што е изнесено во известувањето ќе се утврди на самиот претрес.

На 30.09.2019 главниот претрес повторно се одложи поради отсуство на свеок за кој нема уредна достава.

# КОМЕНТАРИ

Набљудуваните рочишта од овој месец генерално поминаа во предзнакот на одложување првенствено поради пренесувањето на надлежноста за гонење на предметите од СЈО во ЈОРСМ и понатаму делегација на истите предмети од страна на ЈОСРМ на надлежните обвинители.

Покрај ова, овој месец е евидентна и практиката кога неколку главни расправи да се започнати од почеток, поради истекот на рокот од 60 дена од последното рочиште, согласно одредбите од ЗКП кои што се однесуваат на заштитата на начелот на непосредност во текот на главната расправа. За жал, од увидената практика, евидентно е дека вака конципираните одредби од ЗКП во однос на заштитата на начелото на непосредност на судот во текот на главната расправа во голема мерка се злоупотребени на штета на правото на фер постапување или се применети несоодветно и на штета на начелот на непосредност и се во насока на пробивање на роковите за судење во разумен рок.

Имено, сметаме дека е несоодветнаутврдената практиката на судот во случаите кога главната расправа започнува од почеток, а во насока на заштита на начелото на непосредност, тој само да ги прочита претходно дадените искази или изведените докази и/или само да констатира дека обвинителството и обвинетиот остануваат на сето претходно наведено на претходните рочишта. Оваа примена на одредбите од ЗКП, а во насока на креирање на „вештачка“ или привидна ефикасност сметаме дека значи само изигрување на начелото на непосредност. Да потсетиме, смислата на ова начело е дека главната расправа треба да започне од почетокот поради протекот на подолг временски период од последното рочиште, па поради тоа и судот да заборавил на она што се случувало пред него, првенствено сметајќи на фактот дека е нужно тој со своите сетила да ги осуети обвинетиот и/или сведоците во однос на нивната веродостојност при давањето на исказите во текот на рочиштата од главната расправа. Доколку пак, главната расправа започне од почеток и само формално се прочитаат записниците или се констатира дека сите остануваат на своите претходно дадени искази, се поставува прашањето, зошто воопшто се прави оваа процесна активност, кога судот и онака може во кој и да било момент да ги прочита сите списи од процесните дејствија што претходно пред него биле преземени. Токму затоа, оваа искривена практика на само потврдување дека во целост сите остануваат на претходно искажаните ставови или на читање на записници од претходните рочишта ја доведува до апсурд одредбата на почнување на судењето од почеток, со што истата е бесмислена и само служи за неповратно одолговлекување на кривичните постапки, како и до принудна промена на судечкиот судија или совет, инспириран од кој и да било причини.

Дотолку повеќе, слични забелешки може да се дадат и за рочиштата за предметите за кои по вонреден правен лек се повторува кривичната постапка, при тоа и во повторената постапка, слично на случаите на започнувањето на главната расправа од почеток, воопшто доказите не се изведуваат, туку само се читаат истите дадени во првата постапка.

Во таа насока, сметаме дека е неопходно преиспитување и на одредбите од ЗКП, но и на судската практика, кои што се однесуваат на одредбите за повторно започување на судењето од почеток во случаи на подолги одложувања на рочиштата, како и преиспитување на оваа судска практика во случаите на повторувањето на кривичните постапки.

Слично и на минатите месеци, и овој месец е евидентна појавата на одлагање на судските рочишта поради некооординираност на календарите на судиите и на странките во постапката, како и поради веќе нотoрниот проблем со неуредна достава на судските покани до сведоците и вештаците.

Конечно, навистина е нејасно која е улогата на повисоките судови, во насока на заштитата на ефикасноста и правичноста на судските постапки, кога дозволуваат правен лек повторување на кривичната постапка, а се свесни дека е повеќе од извесно дека во конкретните случаи непосредно ќе настапи апсолутната застареност на кривичното гонење за конкретните кривични дела.

Практика на прифаќање на признанија за вина во текот на главната расправа без притоа како поткрепа на истите признанија да бидат изведени какви било докази, беше евидентирана и овој месец. Сепак, задоволува фактот дека во набљудуваните рочишта, судот барем вложил доволно интелектуален напор вербално да утврди дали признанието на обвинетиот било свесно и доброволно.

За поздравување е постапката на судот во случаите кога е на висината на својата улога во текот на директното и вкрстеното испрашување на сведоците, кога преку соодвентата примена на одредбите од ЗКП правилно врши селекција на прашањата само по однос на содржината што била истакната во текот на директното испитување.

Сепак, сметаме дека не би требало да постои практиката на толерирање на процесната неподготвеност на странките и прифаќање на нивните предлози за одлагање на рочиштата по спроведените директни испитувања на сведоците, а базирано врз барањата на странките за дополнителна подготовка за вкрстено испитување. Ова во насока на фактот дека странките, согласно ЗКП, имаат пристап до сите докази од спротивната странка уште пред почетокот на доказното рочиште од главната расправа, па сходно на тоа се губи и целта на вкрстеното испитување доколку истотовременски не следува непосредно по директното. Имено, смислата на вкрстеното испитување е единствено во дискредитација на исказот даден во директното испитување, и се базира само врз исказите дадени во директното испрашување. Па така, доколку вкрстеното испитување следува по протек на определен временски период по директното испитување, се поставува прашањето дали навистина во овие случаи станува збор за потреба од дисредитација на исказот на сведоците или вештаците или само се работи за едноставно злоупотребување на правото на судење во разумен рок, како и за непотребно трошење на и онака ограничените судски ресурси, а со тоа и злоупотреба и прикриен притисок врз сведоците и вештаците.

Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција
Monitorimi dhe përmirësimi i kapaciteteve të institucioneve në ballafaqim me krimin e organizuar dhe korrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ 10/2019

## НА СУДСКИ ПОСТАПКИ ПОВРЗАНИ СО ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА



КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BASO NIJAMALO KRISIPE

Издавач:
Коалиција „Сите за правично судење“

Автор:
Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата Сите за правично судење и истата не ги одразува ставовите на Европската унија

Достапно единствено како електронско издание.

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## ПРЕДМЕТИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### КОК 4/18

Предметот се води за кривично дело „Криумчарење на мигранти“ од член 418-б од КЗ.

На ден 01.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на обвинет за кој бранителот го информираше судот дека направил сообраќајна несреќа непосредно пред почетокот на рочиштето. Обвинителството усно на записник поднесе барање за изрекување на мерка притвор, бидејќи обвинетиот не присуствувал на 10 (десет) рочишта за главна расправа, за што уште нема доставено соодветно оправдување. Судот го одложи рочиштето и истакна дека ќе донесе формално решение во врска со предлогот на следното рочиште за главна расправа.

### КОК 38/16 ПОД КОДНО ИМЕ „ЗМИСКО ОКО“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 и „Злосторничко здружување“ од член 394 од КЗ.

На ден 29.10.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради барање на еден од бранителите, ново поставен во предметот, за увид во списите од предметот, но и поради тоа што судот во меѓувреме треба да донесе решение во врска со претходно поднесено барање за изземање на судија.

### КОК 38/19 ПОД КОДНО ИМЕ „ЛИКВИДАЦИЈА“

Предметот се води за кривичните дела: „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353, „Примање поткуп“ од член 357, „Примање награда за противзаконито влијание“ од член 359, „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“ од член 396 од КЗ на РСМ и „Неовластено оддавање информации и податоци за сведоците, соработниците на правдата, жртвите кои се јавуваат во својство на сведоци и нивните блиски лица“ од член 42 од Законот за заштита на сведоци.

На ден 01.10.2019 година, рочиштето за главен претрес се одложи поради приговор од страна на одбраната за стварната надлежност на судот и обвинителството, односно тврдење на одбраната дека поради застареноста на кривичното гонење за еден од обвинетите, предметот повеќе не би требало да биде во надлежност на специјализираните одделенија за гонење организиран криминал и корупција.

На ден 18.10.2019 година, судот најпрво се произнесе по приговорот за стварната надлежност поднесен на претходното рочиште и донесе решение со кое се одбива приговорот. Во продолжение на рочиштето за главен претрес обвинетите беа поучени за правата и запрашани дали

разбираат за што се обвинети од страна на судот. Главниот претрес продолжи со читање на обвинителниот акт од страна на обвинителството и беше извршен распит на еден од обвинетите.

## КОК 90/18

На ден 01.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител, обвинетиот, бранителот, како и поради непотполн судечки состав.Рочиштето се одложило интерно помеѓу странките поради потреба од медицинско вештачење во однос на здравствената состојба на обвинетиот, за што никаде немаше објавено соодветно известување.

# ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

## К 1129/18 ПОД КОДНО ИМЕ „ТВРДИНА 2“

### Предметот се води за кривично дело „Фалсификување службена исправа“ од член 361став 1 и 2

На ден 07.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжува во доказна постапка со сослушување на четири сведоци на обвинителството. Сведоците беа испитани директно од страна на обвинителството и вкрстено од страна на одбраната, по што расправата се одложи бидејќи на рочиштето не беа присутни сите шест повикани сведоци.

## К 1493/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТОТАЛ“

### Предметот се води за кривично дело „Даночно затајување“ од член 279 став 3

На ден 17.10.2019 година, поради проток од 90 дена рочиштето за главна расправа формално започува од почеток. Судијата само констатираше дека обвинетиот е поучен за своите права и продолжи со прашање до странките дали остануваат на веќе дадените воведни говори во постапката, на што бранителот и обвинетиот побараа дополнување на дадените воведни говори. Одбраната воедно се пожали дека предметот се води хаотично, неправично и дека не биле запознаени со сите докази на обвинителството.

На ден 22.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжува со изведување на материјални докази од страна на обвинителството. Материјалните докази се изведувани со видео презентација на содржината на доказот и читање на насловот на документот, додека за определени докази се презентираше и содржината.

## К 1905/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТИТАНИК 3“

### Предметот се води по кривично дело „Уништување на изборен материјал“ од член 164 став 3

На ден 18.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка и беше извршено испитување на еден обвинетите на предлог на одбраната, додека пак еден обвинет е во бегство и му се суди во отсуство. Судот ги извести странките дека на ден 27.08.2019 година е примено известување од амбасадата во Берлин преку Министерството за правда со кое се известува судот дека е пронајдена адресата на еден од предложените сведоци. Одбраната даде предлог да се повика сведокот за да даде исказ и судот да го отповика решението за читање на исказот на сведокот. По паузата од 15 минути судот донесе решение со кое што се прифаќа предлогот на одбраната сѐ со цел да бидат искористени сите со закон предвидени средства како не би било повредено правото на правично судење имајќи ги предвид новите околности и членот 6 од ЕКЧП и праксата на ЕСЧП.

## К 1959/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТОРТУРА“

Предметот се води по кривично дело „Мачење и друго сурово, нечовечко или понижувачко постапување и казнување“ од член 142 став 1 од КЗ.

На ден 09.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет, односно поради боледување на претседателот на судечкиот совет.

На ден 22.10.2019 година, рочиштето за главна расправа започна од почеток поради проток од 90 дена, но и поради промена на член на судечкиот совет. Формално на записник беа внесени воведните говори на обвинителот и одбраната, по што одбраната поднесе приговор во врска со надлежноста на обвинителот, како и постапката за примопредавање на предметите до ЈО на РСМ. Одбраната не се согласи да се репродуцираат снимките од записниците од преходните рочишта што ги содржат исказите на сведоците и вештаците, па побараа непосредно изведување на доказите, предлог кој судот го прифати.

## КОК 3/19 ПОД КОДНО ИМЕ „ТАЛИР“

Предметот се води по кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 и „Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273.

На ден 03.10.2019 година рочиштето за главна расправа се одложи поради барање на одбраната да биде одржано рочиште за оцена и одбивање на предложени докази во смисла на членот 347 став 2, па судот ги повика странките во постапката, на следното рочиште да ги образложат своите приговори на предложените докази.На почетокот на рочиштето одбраната истакна приговор во врска со примопредавањето на предметите на СЈО до ЈО на РСМ, конкретно за даденото овластување од страна на Јавниот обвинител на СЈО, кое беше дадено од притвор и со кое според одбраната е направена повреда на член 60 од Законот за јавното обвинителство. Воедно според одбраната спорна е надлежноста на обвинителот којпостапува по предметот, конкретно околу користењетона незаконско прибавените снимки како доказ во постапката, поради што одбраната даде предлог постапката да се врати во фаза на преиспитување на дозволеноста на. Одбраната на ова рочиште предложи постапката да биде прекината со формално решение, а судот го одби предлогот.

## КОК 7/19 ПОД КОДНО ИМЕ „ТРИСТА“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 5.

На ден 10.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа се изврши испитување на обвинетиот по предлог на одбраната. Откако обвинителството не ја искористи можноста за вкрстено испитување, судот пристапи кон дополнително испитување на обвинетиот. Одбраната потоа побара од судот да се повлече како доказ вештиот наод поради истечената лиценца на вештото лице и предложи да не се изведува како доказ, по што судот донесе решение вештачењето да се издвои од доказите.

На ден 18.10.2019 година, на рочиштето за главна расправа се дадоа завршни зборови од страна на обвинителството и одбраната. Одбраната во завршен збор наведе дека во текот на постапката се дозволило изведување на незаконски прибавен доказ – телефонски разговор, кој не може да се оправда со законот за СЈО, а од друга страна во конкретната ситуација не е докажано постоењето на јавен интерес кој би го оправдал неговото изведување.

На 22.10.2019 година, беше јавно објавена пресудата со која судот го прогласи обвинетиот за виновен и го осуди на ефективна казна затвор во траење од 9 години.

## КОК 46/19 ПОД КОДНО ИМЕ „БОЖИНОВСКИ“.

Овој предмет е произлезен од предметот под кодно име „Шпион“ од кој се раздвојува постапката само за еден од обвинетите, новинарот Божиновски.  Предметот се води за кривичните дела „Злосторничко здружување“ од член 392 став 2, „Шпионажа“ од член 316 став 3 и кривичното дело „Уцена“ од член 259 став 2.

На ден 07.10.2019 година, на рочиштето за главен претрес се испита еден сведок повикан како сведок на обвинителството. Откако претходно побара да се потсети на претходно дадениот исказ, сведокот на прашање на судот изјави дека останува на исказите кои ги има дадено во постапката под кодно име „Шпион“. Судот по согласност на странките ги прочита исказите дадени од сведокот во истражна постапка, како и на главниот претрес од предметот КОК-99/16 („Шпион“), по што се продолжи со дополнителни прашања до сведокот од страна на обвинителството. На истото рочиште отсутни беа двајца уредно повикани сведоци, за кои судот донесе наредба да бидат стражарно приведени.

## КОК 51/17 ПОД КОДНО ИМЕ „ТАРИФА“

Предметот се води за кривично дело „Злоупотреба на службената положба и овластување“ од чл.353 ст.5 од КЗ.

На 16.10.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на судиите-претседател и член на судечки совет, а заради службени обврски.

На ден 17.10.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжува во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната. Доказите се изведуваат со читање на насловот од документитекако фактури, дописи, договори за јавни набавки, поранешни пресуди итн.

## КОК 66/17 ПОД КОДНО ИМЕ „МОНСТРУМ“

Предметот се води за кривично дело „Тероризам“ од член 394-бод КЗ.

На ден 04.10.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжува во фаза на доказна постапка на која беа изведени материјални докази предложени од страна на обвинителството. Истите се презентираа со читање на транскрипти од содржината на незаконско снимените телефонски разговори и СМС пораките. На ова рочиште ЈО побара од судот да се обратат до Министерството

за правда и повторно да побара конкретен одговор до каде е постапката за екстрадиција за двајца обвинети кои се наоѓаат во Косово.

На ден 10.10.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжи во фаза на доказна постапка на која беа изведени материјални докази предложени од страна на обвинителството. Истите се презентираа со читање на содржината од транскриптите од содржината на незаконско снимените телефонски разговори и СМС пораките.

На ден 28.10.2019 година, рочиштето за главен претрес продолжува во фаза на доказна постапка на која повторно се презентираа транскрипти од содржината на незаконско снимените телефонски разговори и СМС пораките.

## КОК 99/16 ПОД КОДНО ИМЕ „ШПИОН".

Предметот е вратен на повторно одлучување од Апелационен суд – Скопје. Предметот е преземен од Специјалното јавно обвинителство во 2016 година.

Предметот се води за кривични дела „Шпионажа" од член 316, „Уцена" од член 259, „Измама„ од член 247, Прикривање од член 261, „Злоупотреба на државна, службена или воена тајна" од член 360-а, и „Злосторничко здружување" од член 394 од КЗ.

На ден 25.10.2019 година на рочиште за главен претрес беше испитан еден сведок од страна на судот и одбраната. На прашањата на судот, сведокот во целост остана на сведочењето дадено во претходно водената постапка, како и на извештајот кој го имал приложено во својство на стручно лице за радио системот на МВР. Судот се пожали на лошата комуникација со МВР, но воедно ги извести присутните дека повторно ќе побара известување од МВР во врска со оружјето кое е предмет во конкретната постапка.

# КОМЕНТАРИ

Набљудуваните рочишта за овој месец поминаа во знакот на **одлагање** на истите, но и донесување на **една пресуда** за еден предмет.

Може да се забележи дека продолжува практиката на непотребни одложувања заради неприсуство на странките или задоцнети процесни барања кои судот не ги санкционира (барање на увид во списи на новопоставен бранител на самата главна расправа). Посебно е непрофесионално одлагањето на судските рочишта заради други службени обврски на обвинителите и судиите. Треба да се инсистира на тоа дека одржувањето на закажаните судења е неприкосновен приоритет кој не може да се одлага заради обуки, советувања и сл. други обврски на судиите и обвинителите.

За жал и овој месец бевме сведоци на повторна злоупотреба на одредбите од ЗКП и тоа во насока на искористување на сите можности на странките за **одолговлекување** на судските постапки. Па така, на пример, посведочивме на ситуацијата кога отсутниот обвинет, а уредно поканет, на јавно дадениот предлог за определување притвор во текот на рочиштето, а поради очигледно одбегнување на обвинетиот да присуствува на 10 рочиштата од главната трасправа, судот наместо веднаш да донесе решение за примена на мерката за обезбедување на неговото присуство, носи решение за одлагање на рочиштето и соопштување на одлуката за поднесениот предлог за притвор на следното рочиште. Оваа практика на судот е навистина неразбирлива од причина што, навистина нема посебна основа во ЗКП, барем во конкретниот случај, рочиштето од главната расправа да се одложи, и тоа само поради донесување на одлука за притвор на отустниот обвинет, кој очигледно избегнува да се појави пред судот.

Во насока на **одолговлекување** на постапката, интересен е и податокот кога судот во еден случај ги известил странките дека пред два месеци примил известување од амбасадата во Берлин преку Министерството за правда со кое се известува судот дека е пронајдена адресата на еден од предложените сведоци. Притоа, судот одлучил наместо читање на исказот на сведокот што бил претходно даден во постапката, а за што имало веќе донесено решение, да го прифати предлогот на една од странките за повикување на овој сведок, а со образложение дека се работи за заштита на правотот на правично судење имајќи ги предвид новите околности и членот 6 од ЕКЧП и праксата на ЕСЧП. Притоа сметаме дека во конкретниот случај може да станува збор токму за злоупотреба на ова право и тоа по неколку аргументи. Имено, сметаме дека е несоодветно рочиштата да се одлагаат и тоа врз основа на повикување на начелото на правично судење, кога негов неизбежен дел е и постапувањето во разумен рок, а во услови кога на судот му требаат два месеци да проследи едно известување од нашето Министерство до странките. Ова во насока на фактот дека ако на судот му требаат два месеци да искомуницира со националниот орган, колку време би му требало преку правна помош да го повика сведокот да дојде на сведочење од СР Германија во Република Северна Македонија и колкави се гаранциите дека сведокот воопшто ќе биде уредно известен и ќе присуствува на рочиштето. Дополнителен аргумент е и фактот што судот не се обидува да побара сведочење по видеоконференциска врска од сведокот, туку само ја одлага расправата со аргументи дека е потребно сведокот да биде присутен во нашата држава. Имајќи ги предвид домашните прилики, сметаме дека е илузорно во овој случај да очекуваме дека сведокот би се појавил на следното рочиште или на кое било друго. Токму затоа сметаме дека судот во овој случај треба да

внимава и на целисходноста и на навременоста на постапувањето како интегрални делови од оценката на едно судење за правично во кокретните случаи.

Повторуваме дека во случаите кога главната расправа почнува од почеток поради истек на подолг временски период помеѓу рочиштата, сметаме дека во сите овие случаи новата главна расправа би требало да се спроведе согласно одредбите од ЗКП, во однос на воведните говори, поуките за правата, како и во однос на правилното изведување на доказите од доказната постапка, а со цел исполнување на целта на начелото на непосредност. Во спротивно, може да дојдеме во ситуација кога странките самостојно одбираат кои процесни дејствија би се презеле со читање на записниците од претходните рочишта, а кои би се извеле согласно ЗКП, со што директно може да се влијае врз судската одлука на начин што определени процесни дејствија или докази се фаворизираат во однос на некои други, со што се влијае и врз судската одлука. Се разбира другиот аргумент во овие случаи е уште понеповолниот, односно дека преку ваквото насрочување на предметите, всушност им се удоволува на странките во поглед на изборот на судечкиот судија и/или совет.

Конечно, за пофалба е правилното изведување на материјалните докази од страна на странките и судот, а согласно досегашните набљудувани рочишта.

Мониторинг и подобрувањенакапацитетотнаинституциитевосправувањесоорганизиранкриминал и корупција
Monitorimidhepërmirësimiikapacitetevetëinstitucionevenëballafaqim me krimin e organizuardhekorrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата Сите за правично судење и истата не ги одразува ставовите на Европската унија

Достапно единствено како електронско издание

**АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ**

Постапките се следени во месец **ноември 2019** година кои се водат пред Основниот кривичен суд Скопје.

## ПРЕДМЕТИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

### КОК 28/18

Рочиштето на 20.11.2019 беше одложено, без никакво известување од страна на судијата. Информацијата за истото е добиено од судската полиција.

### КОК 38/19 под кодно име "Ликвидација"

На денешниот претрес 07.11.2019, обвинетиот одржа воведен говор, а исто така беа прашани обвинетите и поучени за своите права од страна на судот. Еден од обвинетите кој е поранешен јавен обвинител изјави дека му се познати правата и дека судот нема потреба да му ги објаснува. Потоа, беше извршено испитување на обвинетиот, кој самиот раскажуваше за кривично правниот настан, додека пак ЈО вкрстено го испита. Расправата се одложи поради отсуство на оштетените кои треба да бидат сослушани во продолжението на доказната постапка.

### КОК 60/18

Главната расправа на 26.11.2019 се одложи поради отсуство на 3цата обвинети во предметот.

### КОК 66/16

На главната расправа од 12.11.2019 во доказна постапка се испита обвинетиот. Бранителот го испита директно, а ЈО вкрстено го испита обвинетиот. Судот во 13,00 ја прекина расправата бидејќи имаше закажано друг предмет и како причина беше наведено дека расправата се одлага поради подготовка на завршни зборови.

### КОК 89/19

Главната расправа на 25.11.2019 се одложи поради отсуство на обвинителот кој в му доставил на судот поднесок од кои причини нема да може да присуствува на денешната расправа.

## КОК 115/16 под кодно име „Еразмус“

На 05.11.2019 година, рочиштето за главна расправа беше испитан заштитен сведок предложен од страна на обвинителството. Истиот беше испитан директно од јавниот обвинител и вкрстено од страна на одбраната. Коалицијата присуствуваше на судењето како стручна јавност, бидејќи јавноста на ова судење беше исклучена.

# ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

## Кбр 817/11 под кодно име „Маџар Телеком“

Претресот на 19.11.2019 се одложи поради непотполн судечки совет.

Претресот на 28.11.2019 се одложи поради отсуство на јавното обвинителство кое има доставено поднесок за кои датуми е слободен да биде на расправата. Бидејќи претстои месец декември, а претседателот на советот има многу предмети од кои некои се притворски и не може да се одложат, судот го остави датумот за 4ти декември, но наведе дека истиот ќе се одложи и е закажан само за да можат да направат договор околу датумите со странките во постапката.

## Кбр 1129/18 под кодно име „Тврдина 2“

Главната расправа на 18.11.2019 продолжи во фаза на изведување на завршни зборови. Јавниот обвинител, во завршен збор изнесе неколку клучни анализи на доказите со кои го теретат обвинетиот и изнесе свое гледиште за бегството и не соочувањето со правдата.

Бранителот на обвинетиот  во својот завршен збор се осврна на ненадлежноста на јавниот обвинител за водење на постапката, за бившата специјална обвинителка. Потоа истиот продолжи со кратка анализа на ставовите на кривичното дело за кое тој верува дека обвинителството не докажало, надвор од разумно сомневање дека обвинетиот може да биде виновен за истото. Тој изјави дека и понатаму останува на досега изнесеното во текот на судењето и го замолува судот да го цени истото. Бранителот, од доказите кои се презентирале на рочиштето ги спомна само сведоците од кој вели дека се докажало дека документите кои наводно биле уништени, можеле да се пронајдат во институции за кои тој  имал и посочено некои адреси, но по тие насоки никој не постапил.

Странките завршија со своите завршни зборови и судот закажа рочиште за објава на пресуда за ден 20.11.2019 во 12 часот.

На 20.11.2019 беше јавно објавена пресудата по предметот. Странките не беа присутни на објавата, а на обвинетиот му се судеше во отсуство. Судот при излагањето на пресудата се осврна само на олеснителните и олеснителните околности за висината на казната. Истиот наведе дека олеснителни

околности се тоа што е семеен човек, неговата возраст и претходно не бил осудуван. Како отежнитална околност е бегството на обвинетиот и знаењето дека се води постапка против него. Судот го осуди на 1 година и 6 месеци казна затвор.

## Кбр 1413/19 под кодно име „Талир 2“

Пред да започне главната расправа на 21.11.2019 судечкиот совет ги извести странките дека за 1во обвинетиот се поставени 2ца бранители по службена должност, поради обемноста на предметот и неговата комплексност.

Одбраната извести дека за 2ро обвинетиот доставиле поднесок за приговор на надлежност на ЈО во предметот, по што се произнесе и ЈО, па по кратка пауза судот донесе решение со кое го одби ваквиот приговор бидејќи предметите се законски превземени од ОЈО.

Потоа, ЈО предложи за 1во обвинетиот да му се суди во отсуство и се донесе решение за судење во отсуство.

Расправата започна со утврдување на идентитет на обвинетите, а поучен беше и претставникот на правното лице ВРМО на кое во оваа постапка му е замрзнат имотот односно има мерка за обезбедување на имот - предлог за конфискација.

Пред да се започне со воведните говори бранителот на 2ро обвинетиот побара од судот да донесе решение за спојување на оваа постапка со друга „Талир“ бидејќи и двајцата обвинети се и таму во тој предмет обвинети. На ваквиот предлог судот донесе решение дека не се прифаќа ваквиот предлог бидејќи во тој предмет се работело за друг кривично правен настан и друг недвижен имот и за продолжено кривично дело.

Потоа, Јавниот обвинител и одбраната ги дадоа своите воведи говори.

По завршување на воведните говори,странките со судот договорија каков ќе биде текот понатаму на судењето, конкретно на доказната постапка и изведувањето на доказите. Бидејќи на денешната расправа ЈО кажа дека материјалните ги има само во електронска форма, побара да се закаже друго рочиште каде што ќе може да ги изведе доказите, на што и бранителите кажаа дека треба и нивна презентација.

## Кбр 1493/17 под кодно име „Тотал“

На главната расправа од 21.11.2019 се изведуваа материјални докази предложени од страна на јавното обвинителство. Изведувањето а доказите беа со читање на насловот на материјалниот доказ. Во текот додека јавниот обвинител ги изведуваше материјални докази, бранителот на обвинетиот побара од судот збор и предложи со цел да не се губи многу време, да не се изведуваат материјалните докази, односно само во записник да се наведе дека истите се изведени. Со ова се согласи и јавниот

обвинител и обвинетиот. Расправата се одложи поради исцрпување на процесните дејствија за денешното рочиште.

## Кбр 1904/16 под кодно име „Насилство во Општина Центар“

На 18.11.2019 главната расправа продолжи во доказна постапка, испитување на технички советник предложен од одбраната. Директното испитување го вршеше одбраната, додека пак ЈО не го искористи своето право да го испита вкрстено техничкиот советник. Еден од бранителите кој не беше присутен на денешната расправа поднел до судот дополнение на листа на докази, по што расправата се одложи поради донесување на одлука од страна на судот во врска со дополнението на доказите.

## Кбр 1905/17 под кодно име „Титаник 3“

На 18.11.2019 година, на рочиштето за главна расправа, по претходно одобрение од страна на судот, беше прочитан исказ на еден од обвинетите даден во обвинителство во претходна постапка.

## Кбр 1959/17 под кодно име „Тортура“

На главната расправа од 05.11.2019 беа изведени материјалните докази предложени од страна на обвинителството и презентирани на видео проектор. Истите беа презентирани преку снимки од претходното рочиште (видео записник) бидејќи постапката е започната од почеток поради протек од 90 дена.

Во дел денешното судење беше отворено за јавноста, а во дел јавноста беше исклучена, без образложение од страна на судот и иако беше побарано од страна на Коалицијата присуство на стручна јавност, таквото барање судот не го дозволи.

На 20.11.2019 јавното обвинителство, преку гледање на видео записникот ги презентираше материјалните докази. Откако почнаа да се изведуваат видео снимките кои не се гледаат преку видео записникот од главната расправа, бранителите побараа истите повторно да се изведат пред судот бидејќи снимките не се гледаат. Исто така, дел од видео записниците биле оштетени и дека поради економичност на постапката се отстапува од листата на докази со тоа што се изведоа оние видео записници кои можеа технички да се изведат.

На 27.11.2019 расправата продолжи во доказна постапка со изведување докази на обвинителството. Изведувањето на доказите беше со презентирање на содржината на доказот од страна на обвинителството.

## КОК 3/19 под кодно име „Талир“

Расправата на 05.11.2019 се одложи поради отсуство на еден обвинет, кој доставил оправдување до судот дека има ангажман во Парламентот на РСМ, по што судот даде јавна опомена дека нема да го толерира повеќе ваквото однесување на обвинетиот.

## КОК 7/18 под кодно име „Титаник“

На 08.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на доказите на јавното обвинителство. Беа испитани вкупно 5 сведоци, јавниот обвинител ги испитуваше директно сведоците, додека пак одбраната и обвинетите пристапија кон вкрстено испитување.

На 14.11.2019 главната расправа продолжи во доказна постапка и беше испитан сведок предложен од страна на обвинителството. Истиот сведок бил предложен и од страна на одбраната, со тоа што ЈО приговараше дека одбраната нема наведено на кои околности е предложен сведокот. Бранителот на обвинетата не наведе точно околности, само дека истиот ќе се испитува на оние околности како и за сите други предложени сведоци од нивна страна. На ова дополнување даде другиот бранител на обвинетата и наведе дека очигледно овој сведок има повеќе информации од самите директни прашања на ЈО па затоа сакаат и одбраната да има можност да го испита директно. Судот врз основа на изнесеното донесе решение со кое го одби предлогот на одбраната за директно испитување на сведокот.

На 20.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите.

На 26.11.2019 година, во фаза на доказна постапка беа испитани 5 сведоци, предложени од страна на застапникот на обвинението.

## КОК 30/17 под кодно име „Транспортер“

На 07.11.2019 главната расправа продолжи доказната постапка и беа изведени материјалните докази предложени од страна на обвинителството и истата прекина во 17.00 часот од причина што беа превземени сите процесни дејствија предвидени за оваа расправа. Пред почетокот на судењето судијата упати опомена до бранителите да си ја променат праксата со поднесување поднесоци до писарницата непосредно пред судењето и истото да го прават неколку дена пред одржување на судењата. Поднесокот доставен од еден од бранителите во писарницата непосредно пред судењето не беше разгледан ниту пак земен во предвид.

На 13.11.2019 главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка каде беа изведени материјални докази и беше сослушано вешто лице предложено од страна на обвинителството.

Прво беа презентирани материјалните докази со читање на насловот на доказот, кои на претходното рочиште обвинителството не беше во можност истите да ги изведе од причина што дел од нив не беа скенирани за да може да ги презентира пред судот. Во однос на другите материјални докази за кои што

обвинителството се обврза да прибави класификација за нивна употреба, наведе дека истата сѐ уште не била добиена иако од страна на обвинителството било упатено барање, поради што доказите ќе бидат изведени на наредното рочиште.

Потоа се продолжи со испитување на сведоци-вешти лица повикани за денешното рочиште. Со оглед дека беа предложени 3ца сведоци на истите околности и истите се од иста област судот предложи да биде сослушано само едно вешто лице, а истиот предлог беше прифатен од странките, со тоа што го задржаа правото доколку во текот на испитувањето се појави потреба од тоа да бидат сослушани и другите вешти лица, тоа право ќе можат да го остварат. По повод одредени прашања упатени од одбраната до вештаците, истите помеѓу себе се консултираа, по што одговорите ги упатуваше само еден ист вештак, кој што всушност единствен беше сослушан.

Обвинителството постави само директни кратки и општи прашања без да се навлезе во содржината на вештиот наод и мислење. Бранителите истакнаа предлог на денешната расправа за директно испитување на вештото лице, за што судот даде образложение дека вештото лице е предлог на обвинителството но дека ќе биде пофлексибилен во начинот и дозволеноста на поставување на вкрстени прашања, поради што вкрстените прашања не беа во рамките на законската основа. Во текот на испитувањето судот му помагаше на обвинетиот при формулирање на прашањата.

На 21.11.2019 главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка. Пред почетокот на расправата судот истакна дека бил доставен поднесок од страна на еден бранител со предлог за изведување на докази, односно дополнување на листа на докази, по што судот упати опомена дека во оваа фаза од постапката истото е недозволено и дека бранителите се искусни и знаат кога дополнение на доказите е дозволено согласно ЗКП.

Потоа се продолжи со читање и презентирање на материјални докази од страна на ЈО, кои не беа изведени на претходните рочишта од причина што дел од нив не беа скенирани или не беа декласифицирани. Со оглед дека компјутерот во судот не можеше да се поврзе со проекторот поради технички проблеми, материјалните докази во хартиена форма беа дадени на рака на обвинетите и нивните бранители да направат увид, а насловите од истите беа прочитани од страна на ЈО.

За денешната расправа во судот беа присутни и 5 сведоци повикани од страна одбраната, конкретно за првообвинетиот. Истите беа испитани пред судот директно од одбраната, додека пак обвинителството вкрстено ги испита сведоците. Судот внимаваше на поставените прашања, по истакнат приговор од страна на странките во постапката.

На 26.11.2019 во фаза на доказна постапкабеа сослушани 5 сведоци предложени од страна на одбраната на првообвинетиот. Во однос на предложените материјални докази од листата на докази на првообвинетиот, неговиот бранител истакна дека истите ги повлекува, со оглед дека истите тие докази се предложени и од страна на друг бранител и ќе бидат изведени по нивниот предлог, а се однесуваат и за првообвинетиот. Исто така, истакна дека останува само кон предлогот за изведување на вешт наод и мислење (изготвен по барање на одбраната) и директно испитување на вештите лица, односно техничките советници кои исто така се предложени од стана на друг бранител, па предложи истите да се сослушаат и да му се даде право на бранителот на првообвинетиот директно да поставува прашања заедно со другиот бранител. Судот го прифати таквиот предлог.

После директното и вкрстено испитување од страна на странките, судот поставуваше прашања но надвор од своите овластувања, односно испитувањето прерасна во посебно испитување.

Беа поставени оние прашања кои ги имаше поставено обвинителството во вкрстеното испитување, а кои не беа дозволи од страна на судот од причина што одбраната истакна приговор за така поставените прашања со оглед дека истите не произлегуваа од директното испитување.

Судечкиот судија ги постави идентично истите оние прашања кои претходно беа поставени од страна на обвинителството во рамките на вкрстеното испитување, а кои не беа дозволени од судот од причина што беше истакнат приговор од страна на одбраната дека истите тие прашања не произлегуваат од директното испитување.

Судечкиот совет закажа повеќе главни расправи за месец јануари и февруари.

## КОК 46/19 под кодно име „Божиновски“

На 04.11.2019 на главниот претрес се испита сведок кој е повикан со обвинението. Истиот веќе го има дадено својот исказ во 2013 и 2014 година. Во текот на сведочењето, сведокот му посочи на судот дека имал недолични инсинуации, кои ги правел обвинетиот преку социјалните мрежи и неговиот портал (бидејќи станува збор за новинар) и им врачи фотокопирани материјали на обвинителството како доказ за истото. Обвинителката му постави прашање дали се пријавени овие материјали од претходно, а сведокот се обрати до судот и кажа дека до сега три пати го има пријавено обвинетиот. Судот укажа на сведокот и обвинетиот дека нема ингеренции врз нивните постови на социјалните мрежи.

На главниот претрес од 25.11.2019 беа испитани двајца сведоци. Еден од сведоците го извести судот дека не е сигурен дека ќе се потсети на она сведочење кое претходно го има дадено во предметот Шпион, предмет кој беше споен, па раздвоен од оваа постапка.

Поради ова, судот со читање на записници, го потсети истиот на кои прашања одговарал на тогашниот главен претрес. Испитувањето на сведокот се одвиваше преку судот, кој прво поставуваше прашања, а потоа ЈО и одбраната преку судот поставуваа прашања.

Поради исцрпување на процесните дејствија, главниот претрес се одложи и ќе продолжи на ден 24.12.2019 година.

## КОК 47/17 под кодно име „Таргет Тврдина“

Главната расправа на 22.11.2019 продолжи во фаза на изведување докази предложени од страна на обвинителството и беше испитан еден сведок само директно од страна на јавниот обвинител. Одбраната немаше прашања во вкрстено испитување.

## КОК 51/17 под кодно име „Тарифа“

На главната расправа од 11.11.2019 се изведуваа материјални докази предложени од страна на одбраната во фаза на дополнение на доказна постапка. Дел од изведените материјални докази се изведуваат по барање на судот до одбраната. Изведувањето на доказите беше со читање на наслово тна документот и образложение на која околност се приложува.

На 27.11.2019 беа изведени материјални докази предложени од одбраната во дополнение на доказната постапка. Расправата се одложи поради спремање на завршни зборови.

## КОК 52/17 под кодно име „Траекторија“

На 13.11.2019 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на вешто лице. Дополнително, судот со решение ја запре постапката против еден од обвинетите поради настапување на застареност на кривичното гонење

На денешното рочиште на 21.11.2019 по предметот кој е во фаза на доказна постапка, вкрстено се испитуваше вештото лице, од страна на одбраната и самите обвинети во предметот. При испитувањето судот и без истакнат приговор се грижеше за дозволеноста на вкрстените прашања согласно член 385 став 7 од ЗКП. Во текот на сведочењето на вештото лице му беа предочени материјали од вештачењето, кое вештачење одбраната го оспорува. Судот усно во текот на сведочењето ги опомена обвинетите да го почитуваат сведокот и да не даваат коментари, а истото беше побарано и од самото вешто лице.

На 29.11.2019 год. вкрстено се испитуваше вешто лице предложено од страна на обвинителството од областа на градежништвото. Вкрстеното испитување го вршеа бранителите како и обвинетите во овој предмет. Јавниот обвинител иако вкрстените прашања не беа во рамките на дозволеноста, не приговараше. На моменти се добиваше впечаток дека кај обвинителот има определена незаинтересираност за активно учество на ова рочиште. Судот и без истакнат приговор реагираше на поставени прашања од бранителот, а во некои наврати и му помагаше при нивно формулирање.

Одбраната истакнуваше определени грешки кои биле детектирани во вештачењето на кои се согласи и самиот вештак дека можно е да има некои пропусти во делот на математичките пресметки.

Судот го искористи своето право да поставува прашања, во насока на појаснување на веќе дадените одговори на вештото лице.

## КОК 53/17 под кодно име „ТНТ“

На 06.11.2019 год. расправата се одложи поради назначување на нов бранител на една од обвинетите во предметот, кој на денешното рочиште побара одлагање со цел да може да изврши увид во списите на предметот. Полномошното на новоназначениот бранител беше на албански јазик иако обвинетата е по националност Македонка, а бранителот потенцираше дека списите на предметот врз кои сака да изврши увид бара да му бидат преведени на албански јазик согласно законите кои тоа му го овозможуваат. По негодувањето на судот дека со ова свесно се оди во насока на одложување на

рочиште, донесе решение да се одложи ова рочиште, но ги предупреди адвокатите дека за овие процесни дејствија ќе биде известена Адвокатската комора, за и таа да се произнесе за евентуални злоупотреби на адвокатите во овој предмет.

Рочиштето на 19.11.2019 год. се одложи од причина што еден од обвинетите е повикан во обвинителството за организиран криминал и корупција да даде исказ за друг предмет во кој е осомничен.

Во однос на наводите и барањата од претходното рочиште пред почетокот на денешното рочиште судечкиот судијапојасни дека адвокатот на обвинетата кој на претходното рочиште побарал да изврши увид во списите на предметот, иако му било овозможено тоа дејствие, демонстративно го напуштил судот поради тоа што списите на предметот не биле преведени на албански јазик. Исто така претседателот на судечкиот совет јавно прочита допис добиен од Адвокатската комора во кој се наведува дека постои основано сомневање за злоупотреба на процесните дејствија на постапката во делот на отповикувањето и откажувањето на полномошното на обвинетата и овој случај ќе биде проследен до дисциплинските органи на комората, а за тоа благовремено ќе биде известен и судот.

Рочиштето на 25.11.2019 се одложи поради отсуство на една од обвинетите поради значително влошена здравствена состојба и нејзино задржување во здравствена установа. Претседателот на судечкиот совет нагласи дека до крајот на работното време на денешниот ден најкасно утре од сабајле на судот да му биде предочена целокупната здравствена документација на обвинетата сѐ со цел да се отстрани сомнежот за намерно одложување на рочиштата по овој предмет кои се појавија во изминатиот период. Адвокатот се обврза дека во најкраток можен рок ќе ја достави оваа документација до судот. Судот донесе решение за одложување на главната расправа поради отсуство на обвинетата.

На 28.11.2019 год. расправата се одложи поради отсуство на обвинетата поради сеуште лошата здравствена состојба на обвинетата како што презентираше нејзиниот бранител, но судот не беше убеден во тврдењата на бранителот од причина што во отпусниот документ на здравствената институција е наведено дека пациентот е пуштен на домашно лекување во општа добра здравствена состојба. Важно е да се нотира дека Претседателот на судечкиот совет видно изнервиран прокоментира дека нема да дозволи игри заради пролонгирање на судењето и без двоумење ќе ги презема сите законски мерки кои му стојат на располагање за казнување и спречување на намерни дејствија за одложување на рочиштата. За наредното рочиште кое ќе се одржи на 02.12 во 10 часот, посочи дека ќе издаде наредба за стражарно доведување на овој обвинет.

## КОК 57/17 под кодно име „Топлик“

На расправата од 01.11.2019 беа испитани двајца сведоци предложени со листата на докази на одбраната. Директното испитување беше извршено од страна на одбраната, а ЈО вкрстено го испитуваше сведокот. Судот во текот на испитувањето водеше сметка за поставените прашања во вкрстено испитување.

## КОК 60/17 под кодно име „Трезор“

На 12.11.2019 год. главната расправа започна одново поради протек на 90 дена. На расправата бидејќи немаше согласност од странките, да се започне само формално, повторно се изведуваа материјалните докази предложени од страна на обвинителството во однос на утврдување на имотно-правното побарување.

Со оглед дека не била дадена согласност од странките за начинот на изведување на доказите, судот донел решение со кое доказите ќе се изведат со аудио-визуелна репродукција од претходните рочишта на кои обвинителството ги има читано материјалните докази. Сепак, дел од доказите беа презентирани со читање на записникот од страна на обвинителот од расправата одржана на ден 27.09.2018 год. на која биле изведени материјалните докази бидејќи судот го немаше  во списите од предметот ЦД-то од тоа рочиште.

На 15.11.2019 год. расправата продолжи со изведување на материјални докази предложени  од страна на обвинителството, на истиот начин како и на минатото рочиште со читање на записниците од претходните рочишта на кои биле презентирани материјалните докази  од страна на обвинителот. По барање на еден од бранителите да биде презентирана една страна од содржината на еден од доказите, а по прифаќање на таквиот предлог од страна на судот, јавниот обвинител пристапи кон презентирање на содржината на доказот од наведената страна.

На 18.11.2019 год. главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка на која беа изведени материјалните докази, со читање  од страна на обвинителството, и истата беше прекината поради закажано судење на притворски предмет со 7 обвинети од итен карактер,а ќе продолжи на 10.12. во 12.30 часот.

## КОК 64/17 под кодно име „Тендери“

На 15.11.2019 година, рочиштето за главна расправа продолжи во фаза на доказна постапка со изведување на материјални докази предложени од страна на одбраната. Изведувањето на доказите беше со читање на насловот на доказот, без навлегување во содржината.

## КОК 66/17 под кодно име „Монструм“

На главниот претрес од 04.11.2019 год. во фаза на доказна постапка беа изведени материјални докази предложени од обвинителството и тоа транскрипти од телефонски разговори и СМС пораки поврзани со кривично правниот настан. Расправата се одложи поради истек на работното време на судот.

На 11.11.2019 претресот беше одложен поради непотполн судечки совет односно отсуство на судија поротник.

На рочиштето од 27.11.2019 год. во фаза на доказна постапка се читаа и презентираа докази во форма на транскрипти од СМС пораки и телефонски разговори кои како докази се предложени од страна на обвинителството.

## КОК 99/16 под кодно име „Шпион“

Расправата на 26.11.2019 се одложи поради отсуство на обвинет, а поради здравствени причини.

## Коментар:

Забележливо од мониторираните рочишта од овој месец е дека повторно диминираат одложените рочишта. Притоа, како причини за одлагање се сите можни основи за одлагање, со што во голема мерка се одолговлекуваат судските постапки. Имено, најчесто како причина за одлагање на рочиштата е отсуството на обвинетиот поради здравствени причини, а следни причини за одлагање се причините од типот отсуство на странките, т.е. на бранителите и на обвинителите, и тоа најчесто поради преклопување на рочиштата со други рочишта или отсуството на сведоците или вештаците и тоа најчесто поради здравствени причини. Како причини за одлагање на рочиштата се наведуваат и неподготвеноста на странките, најчесто на бранителите, за изведување на определени докази како и неподготвеноста за давање на завршен збор.

Во оваа насока, дотолку повеќе бевме сведоци кога бранителите ги злоупотребуваат нивните процесни овластувања само во насока на неоправдано одолговлекување на судските постапки, за што соодветно дури реагирала и Адвокатскта комора.

Резултатот од овие одлагања претставуваат очигледно нарушување на редовната динамика на судските постапки, па аналогно на тоа, не ретко, истите согласно одредбите од ЗКП, започнуваат од почеток.

Интересно за коментар, а што во голема мерка и придонесува кон одлагањето е и менаџирањето на судските постапки од страна на судот, од аспект на планирањето на преземањето на процесните дејствија во текот на поединечните рочишта. Па така, сведоци сме на рочишта на кои судот одлучил да изведе само по еден доказ, или само да се изведат материјалните докази, со што со нивно исцрпување, т.е. изведување, нужно се наговестува и одлагањето на продолжението на главната расправа од едноставна причина што судот нема други докази по кои би постапувал на конкретното рочиште. За таа цел, сметаме дека е неопходно судовите да внимаваат на насрочувањето на предметите, како и внимателно да ги подготвуваат идните рочишта од аспект на изведување на доказите по квантитет и квалитет.

Интересно е дека и во текот на набљудуваните рочишта во овој месец, сведоци бевме на случаите кога судиите имаат мошне активна улога, па на некој начин и настапуваат во името на овластениот тужител во текот на доказната постапка, кога непотребно се впуштаат во директно испитување на сведоците, па дури поставуваат прашања кои претходно по приговор на спротивните странки самите судии не го одобриле нивното поставување. Дотолку повеќе, во анализираниот период, набљудувачите дури ја нотирале и директната незаинтересираност на јавниот обвинител за распит на странките, поради што судот морал екстензивно да интервенира преку прашања во насока на изведување на исказот на сведокот во текот на главната расправа.

Во однос на изведувањето на материјалните докази, сведоци сме на една поголема шареноликост, односно не постоење на воевначен начин на нивно изведување. Сметаме дека оваа

практика би требало да се отстрани и материјалните докази да се изведуваат на воедначен начин, согласно ЗКП.

Во таа насока се и забелешките во однос на изведувањето на наодот и мислењето на вештаците, кога во еден случај, иако биле агажирани повеќе вешти лица коио изготвиел посебни вештачења, одговор на директните и вкрстените прашања давал само еден од нив, а притоа за давање на одговорите овие вешти лица меѓусебно се консултирале. Сметаме дека оваа практика не би требало да се дозволи, што е на некој начин и креативно толкување на одредбите ЗКП, од едноставна причина што секој вештак, доколку изготвил самостојно вештачење, тогаш тоа вештачење би требало самостојно и да го презентира бидејќи при презентирањето на неговиот наод, вештото лице дава и мислење. Така што, во случаите кога се презентира туѓо вештачење се доведува во прашање мислењето на вештакот доколку самиот не го утврдиле наодот од вештачењето. Односно, во овие случаи оправдано се поставува прашањето дали со ваков начин на изведување на наодот и мислењето на вештакот, улогата на вештакот се минимизира и се поистоветува со таа на техничкиот советник.

Конечно, интересна дилема е наметната во еден од набљудуваните случаи кога од судот било побарано спојување на два предмети во еден поради идентични сообвинети, на што судот дал кратко образложение за одбивање на предлогот поради фактот дека се работи за два различни кривично-правни настани. Во таа насока, сметаме дека судот во вакви случаи би требало да обрне поголемо внимание на соодветното образложение, бидејќи ЗКП врз основа на субјективниот идентитет дозволува спојување на кривичните постапки, иако оваа одлука во секој случај е оставена на диспозиција на судот. Сепак, поради задоволување на начелото на јавност сметаме дека судот во ваквите случаи би требало да даде поиздржани аргументи во корист на неговата одлука.

На крајот, сметаме дека набљудувачите на Коалицијата би требало да се третираат како стручна јавност. Сходно на тоа, ја поздравуваме практиката на судовите кои правилно постапуваат кога во услови на исклучување на јавноста од рочиштето, набљудувачите на Коалицијата се третирани како стручна јавност и се оставени во судницата за да го следат рочиштето и покрај фактот дека од тоа рочиште јавноста била исклучена.

Мониторинг и подобрувањенакапацитетотнаинституциитевоспрвувањесоорганизиранкриминал и корупција
Monitorimidhepërmirësimiikapacitetevetëinstitucionevenëballafaqim me krimin e organizuardhekorrupsionin
Monitoring and improvement of the institutions capacity's fighting organized crime and corruption

This project is funded by the European Union



# МОНИТОРИНГ БРИФ

## На судски постапки поврзани со организиран криминал и корупција

EU for YOU

AD

КОАЛИЦИЈА
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE
KOALICIONI
KOALICIJA

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Проф. д-р Гордан Калајџиев

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Асоцијацијата за Демократски Иницијативи и Коалицијата Сите за правично судење и истата не ги одразува ставовите на Европската унија

Достапно единствено како електронско издание

**АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ**

Постапките се следени во месец **декември 2019** година кои се водат пред Основниот кривичен суд Скопје

## ПРЕДМЕТИ НА СПЕЦИЈАЛНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО

### Кбр 1413/19 под кодно име „Талир 2“

На **24.12.2019** главната расправа започна со доцнење од 30 минути поради обиди да се контактираат адвокатите на обвинетиот, а се одложи поради отсуство на тројцата бранители на второобвинетиот, од кои двајца од бранителите биле ангажирани во други предмети, а едниот бил на службено патување.

### Кбр.1493/17 под кодно име „Тотал“

На **03.12.2019** година главната расправа се одложи по доставено претходно барање на бранителката во овој предмет до судот, за што судот го известил и јавниот обвинител да не доаѓа на закажаното рочиште.

На расправата од **05.12.2019** година странките беа присутни со цел да го договорат текот на изведувањето на доказите.

На **24.12.2019** година на закажаната главна расправа немаше присутни странки, како и судијата не беше присутен во дадениот термин.

### Кбр 1904/16 под кодно име „Насилство во Општина Центар“

На **06.12.2019** на главната расправа во доказна постапка се изведе само еден материјален доказ предложен од страна на одбраната со презентирање на содржината на доказот. Расправата се прекина бидејќи во исто време била закажана седница за оцена на обвинителен акт за друг предмет каде како обвинет се јавувал еден од обвинетите во оваа постапка. Наредното рочиште се закажа за 25.12.2019.

На **25.12.2019** на главната расправа одбраната истакна приговори за текот на изведување на доказите, бидејќи дел од доказите заради одново започната постапка повторно се изведуваа на главната расправа, додека пак други материјални докази само се преземаат од записници за одржани рочишта и помеѓу странките настана конфузија во однос на она што е изведено. Судот направи пауза за да може да изврши проверка на изведените докази и после паузата се продолжи со изведување на материјални докази на одбраната – аудиовизуелен запис, со презентирање на содржината на доказот од страна на одбраната. Расправата се прекина поради дополнителна подготовка на одбраната за презентирање на предложените материјални докази.

## Кбр 1905/17 под кодно име „Титаник 3“

На **04.12.2019** главната расправа беше одложена поради отсуство на сведок кој се наоѓа во странство, а за чие испитување е доставено и барање до надлежните органи за да се овозможи видеоконференција со сведокот, меѓутоа до сега судот нема повратен одговор поради што ќе се почека до наредното рочиште за да се направи уште еден обид да се повика сведокот. Наредното рочиште е закажано за 29.01.2020 година, како и беа дадени и други термини за главни расправи - 26.02.2020г. и 25.03.2020 година.

## Кбр.1959/17 под кодно име „Тортура“

**На 02.12.2019**главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка на која се изведуваа материјалните докази предложени со листата на докази на обвинителството. Материјалните докази беа изведувани со читање на насловот на доказот од страна на јавниот обвинител.

На **06.12.2019** главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка на која се изведуваа материјалните докази предложени со листата на докази на одбраната. По изведување на доказите – снимки од настанот, еден од обвинетите во предметот даде забелешки и појаснување за какви зафати станува збор од полициски аспект.

## КОК 3/19 под кодно име „Талир“

На рочиштето од **13.12.2019** странките во постапката се изјаснуваа пред судот на околностите на кои се предложени доказите во листите на докази. По излагањето на странките судот ги извести дека на наредното рочиште ќе донесе решение по повод дозволеноста на доказите предложени во постапката. Наредното рочиште се закажа на 23.12.2019 година, како и беше даден и друг датум 22.01.2020 година за одржување на расправата.

На **23.12.2019** главната расправа воопшто не се одржа од причина што во истата судница беше во тек друго судење, предмет познат во јавноста под наслов „ТНТ”, кој го води истиот судски совет и во кој предмет се опфатени дел од обвинетите по овој предмет, поради што расправата ќе се одржи на претходно определениот термин на ден 22.01.2020 година. Одложувањето на рочиштето е направено претходно, не на закажаниот термин.

## КОК 7/18 под кодно име „Титаник“

На главната расправа од **04.12.2019** во доказна постапка се испитуваа 3ца сведоци предложени од страна на јавното обвинителство. Директното испитување од страна на јавниот обвинител беше спроведено со водење на сведоците низ исказот со прашања, додека пак одбраната вкрстено ги испита сведоците кое беше ограничено само на директното испитување.

На главната расправа од **16.12.2019** беа испитани 4ца сведоци предложени со листата на докази на обвинителството. Сведоците беа испитани директно од страна на обвинителството, а потоа одбраната го искористи правото вкрстено да испита дел од предложените сведоци. Двајца од сведоците биле предложени и во листата на докази на одбраната, па поради тие причини едниот сведок беше испитан директно од страна на одбраната, додека пак предлогот за испитување на другиот сведок одбраната го повлече.

На **26.12.2019** година главната расправа продолжи во доказна постапка и на истата се испитуваше сведок предложен од страна на обвинителството. По директното испитување од страна на јавниот обвинител кој го водеше сведокот низ исказот со прашања, одбраната пристапи кон вкрстено испитување, но испитувањето не беше ограничено само на директното испитување, но не беа истакнати приговори од страна на јавниот обвинител, а судот не реагираше на така поставените прашања.

## КОК 30/17 под кодно име „Транспортер“

На **02.12.2019** главната расправа беше одложена поради отсуство на една обвинета, за која нејзиниот бранител достави медицинска документација до судот дека истата заради здравствени причини не може да присуствува и да го следи судењето. Расправата се одложи за 05.12.2019година.

На **05.12.2019** главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка на која беше испитан технички советник предложен со листата на докази на одбраната, а беше изведен и вештиот наод и мислење изготвен по барање на одбраната со читање на насловите од сите списи приложени кон вештачењето. Техничкиот советник беше испитан директно од страна на одбраната, а потоа јавниот обвинител го искористи своето право и го испитуваше вкрстено техничкиот советник. Од страна на судот на денешната расправа беше повикан уште еден технички советник предложен со листата на докази на првообвинетиот, но одбраната на првообвинетиот го повлече предлогот за негово испитување. Истиот технички советник бил предложен со листа на докази на други обвинети во овој предмет, при што јавниот обвинител побара истиот да ја напушти судницата, но судот му дозволи да остане техничкиот советник во судницата и да го следи судењето.

Во однос на предложените материјални докази од листата на докази од одбраната на првообвинетиот на денешното рочиште истакнаа дека истите ги повлекуваат, бидејќи истите тие докази се предложени и од страна на друг бранител и ќе бидат изведени по нивниот предлог, а се однесуваат и за првообвинетиот.

На главната расправа од **12.12.2019** беше изнесена одбраната на првообвинетиот со негово сослушување пред судот, најпрво директно од одбраната, а потоа јавниот обвинител вкрстено го испита обвинетиот. Во текот на испитувањето судијата во неколку наврати го опомена првообвинетиот

да одговара конкретно на поставените прашања, а не да врши анализа на доказите, како и истиот да се придржува кон она што е предмет на обвинението, а не да набројува за што сѐ е наградувана Општина Битола, од причина што истото е ирелевантно во оваа постапка. Исто така, судот го опомена и бранителот на првообвинетиот да внимава на поставените прашања, истите да се кратки, концизни и да се однесуваат на она што е предмет на обвинението.

По завршувањето на испитувањето на првообвинетиот во продолжение на доказната постапка се испита сведок предложен од страна на одбраната на второобвинетиот.

Расправата беше прекината во 16.40 часот поради крај на работното време.

На **17.12.2019** главната расправа продолжи во доказна постапка и на истата беа испитани сведоци предложени од страна на одбраната на второобвинетиот. Одбраната на второобвинетиот директно ги испита сведоците, а потоа јавниот обвинител го искористи правото и вкрстено ги испита сведоците.

На **24.12.2019** главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка каде второобвинетиот ја даде својата одбрана. Тој најпрво беше испитан директно од страна на неговиот бранител, а потоа јавниот обвинител имаше прилика вкрстено да го испита обвинетиот. Јавниот обвинител по испитувањето на второобвинетиот побара судот да дозволи да се прочита исказот на обвинетиот даден во претходна постапка бидејќи на денешната расправа обвинетиот дал поинаков исказ. Ваквото барање беше дозволено од страна на судот.

По завршувањето на испитувањето на второобвинетиот во продолжение на доказната постапка се испитаа 3ца сведоци предложени од страна на одбраната на третообвинетиот, најпрво директно од одбраната, а потоа и вкрстено од страна на јавниот обвинител. Наредното рочиште се закажа да продолжи на 16.01.2020 година.

## КОК 46/19 под кодно име „Божиновски“

На **24.12.2019**се изведуваа материјални докази од страна на одбраната – известувања добиени од страна на Министерството за надворешни работи. По завршување на изведувањето на доказите, судечкиот совет предложи да се дадат и завршните зборови за што обвинителството се согласи, а додека пак одбраната приговараше на овој предлог бидејќи тоа било спротивно на тоа што било претходно утврдено како динамика на постапувањето во предметот бидејќи било договорено од претходно завршните зборови да се дадат после новата година.

Судечкиот совет одлучи по приговорите на странките, завршните зборови да се дадат на 21.01.2020 год.

## КОК 47/17 под кодно име „Таргет Тврдина“

На **12.12.2019** пред почеток на главната расправа јавниот обвинител го замоли судот да ги подучи медиумите да избегнат да ги пренесат исказите на сведоците бидејќи на тој начин се влијае врз

сведоците коишто не се испитани во оваа постапка, а во корелација со член 219 од ЗКП. По советување, судот констатираше дека барањето е неразбирливо бидејќи е спротивно на начелото за транспарентност и јавност на судењето.

Потоа, главната расправа продолжи во доказна постапка каде се продолжи со испитување на сведок во вкрстено испитување од страна на одбраната, при што член на судечкиот совет даваше коментари на поставените прашања од страна на обвинетиот, а по завршување на вкрстеното испитување јавниот обвинител дополнително го испита сведокот за работи кои произлегле од вкрстеното испитување. Поради исцрпување на процесните дејствија расправа се одложи, а поради повикување на нови сведоци.

## КОК 51-17 под кодно име „Тарифа“

Главната расправа на **11.12.2019** година започна со доцнење од 25 минути поради АКМИС системот кој беше закочен. Пред да се започне со давање на завршните зборови јавниот обвинител изврши технички исправки во обвинителниот акт, а потоа беа дадени завршни зборови од страна на јавниот обвинител, застапникот на оштетеното правно лице кој се приклучи кон завршниот збор на јавниот обвинител како и едниот адвокат на 1во обвинетиот во овој предмет.

Второобвинетиот има 2ца адвокати кои најавија дека ќе даваат завршен збор, па на денешното рочиште завршен збор даде само еден од адвокатите, додека пак другиот адвокат како и адвокатот на другите 2ца обвинети и самите обвинети своите завршни зборови ќе ги дадат на наредното закажано рочиште на 13.12.2019, а ова поради тоа што завршните зборови на одбраната се обемни и судечкиот совет напомена дека е потребна концентрација за следење на истите, па затоа ја прекина денешната расправа и најави дека истата ќе продолжи на однапред дадениот термин.

На **13.12.2019** главната расправа продолжи со давање на завршните зборови на одбраната. По завршување со давање на завршните зборови судот закажа објава на пресуда на 27.12.2019година.

**На 27.12.2019** година судот јавно ја изрече пресудата со која за точката 1 од обвинителниот акт двајца обвинети се ослободуваат од обвинение, додека пак за другите точки од обвинителниот акт изрече осудителна пресуда со ефективна казна затвор во рок од 3 години за сите тројца обвинети.

Судот ги задолжи обвинетите да ја надоместат и штетата на правното лице, едниот обвинет во висина од 30,000 евра додека пак другиот обвинет во висина од 20,000 евра.

## КОК 52/17 под кодно име „Траекторија“

На **19.12.2019** главната расправа се одложи поради отсуство на еден од обвинетите, а поради друго судење на обвинетото лице кое било закажано во ист период. Претседателот на судечкиот совет извести дека тој бил информиран за судењето на обвинетиот и неговото отсуство денеска и дека денешната расправа ќе се одложи поради итност на другиот предмет. Второобвинетиот во оваа

постапка даде приговор на одложувањето и напомена дека треба да се почитуваат и правата на другите обвинети во постапката.

На **27.12.2019** главната расправа продолжи во доказна постапка и на истата се испитуваше вештак од областа на градежништвото предложен со листата на докази на обвинителството. Одбраната вкрстено го испита вештото лице. При испитувањето јавниот обвинител даваше приговори на поставените прашања кои во најголем дел беа прифатени од судечкиот совет.

## КОК 53/17 под кодно име „ТНТ“

На главната расправа од **18.12.2019** пред почнување еден од бранителите во оваа постапка побара изземање на еден од судиите поротници од причина што за неколку дена го исполнува условот на стекнување на години со кои нема да може повеќе да ја врши поротничката функција. На ова судечкиот совет кажа дека ова се обиди само за одлагање на предметот и нема да дозволи правдата да се заобиколува со разни барања и процедури.

Потоа, на главната расправа беа повикани двајца сведоци – вешти лица предложени од страна на обвинителството, при што јавниот обвинител директно ги испитуваше вештите лица, а потоа одбраната го искористи своето право и вкрстено ги испита. При текот на испитувањето судот внимаваше на поставените прашања и без дадени приговори од страна на странките, а исто така и по истакнат приговор. Исто така, судот го искористи своето право да поставува прашања на вештите лица за појаснување на веќе дадени одговори. При вкрстеното испитување судечкиот совет коментираше во однос на прашања поставени од одбраната.

При вкрстеното испитување обвинетите и нивните бранители поставуваа исти прашања, на кои вештите лица веќе имаа дадени одговори, за што судечкиот судија неколку пати ги опомена обвинетите и бранителите дека со ваквото однесување нема ништо да постигнат и дека ако треба рочиштето ќе трае деноноќно сѐ со цел конечно да се оконча оваа судска постапка.

Главната расправа траеше до 20,25 часот. Наредната расправа се закажа за наредниот ден во 9,30 часот, за што дел од одбраната приговараше бидејќи еден од обвинетите имал закажано друго рочиште за друг предмет, но судечкиот совет не ги прифати ваквите приговори.

Главната расправа на **19.12.2019** година се одложи поради отсуство на 3ца бранители.

На **20.12.2019** главната расправа продолжи во доказна постапка и на истата второбвинетиот ја даде својата одбрана. Бранителот директно го испитуваше обвинетиот и поради должината на исказот, расправата се одложи за 23.12.2019 за да може јавниот обвинител да се подготви за вкрстено испитување на обвинетиот.

Главната расправа на **23.12.2019** година се одложи поради отсуство на обвинет за кој одбраната го извести судот дека истиот бил физички нападнат претходниот ден.

На **24.12.2019** главната расправа се одложи поради отсуство на обвинет за кој неговиот адвокат достави медицинска документација.

## КОК 57/17 под кодно име „Топлик“

На рочиштето од **03.12.2019** се испитуваа 3ца сведоци предложени од страна на одбраната. Сведоците најпрво беа испитани директно, а потоа и обвинителството имаше прилика вкрстено да ги испита. При вкрстеното испитување одбраната имаше неколку приговори на прашањата поставени од јавниот обвинител поради поставување прашања надвор од директното испитување, но судот не ги прифати приговорите.

## КОК 60/17 под кодно име „Трезор“

На **10.12.2019** година почетокот на главната расправа доцнеше повеќе од 15 минути поради неспроведување на обвинетиот од притвор во судот. Потоа, истиот веднаш штом беше спроведен во судницата, пред почнување на судењето, се пожали дека претходните неколку дена чувствувал дека му се влошува здравствената состојба поради што упорно барал лекарска помош, меѓутоа истата не му била пружена сѐ до пред почнување на судењето каде му бил измерен висок крвен притисок. По истакнување на овие наводи судијата направи пауза и се повика екипа од итна медицинска помош, за да може да се утврди здравствената состојба на обвинетиот. Медицинската екипа утврди дека обвинетиот во овој момент е со нормален притисок, како резултат на терапијата која што ја примил претходно пред спроведување од притвор во судот. Судијата го упати обвинетиот писмено да се обрати до судијата кој го определил притворот, со цел да се укаже на неговата состојба.

Потоа, главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка на која беа изведени материјалните докази предложени со листата на докази на обвинителството, со читање на насловот на доказот од страна на јавниот обвинител. Главната расправа се прекина во 13,30 часот бидејќи член на судечкиот совет имал закажано друго судење за предмет кој е притворски и се донесе решение доказната постапка да продолжи на 28.01.2020 година.

## КОК 64/17 под кодно име „Тендери“

На **17.12.2019** година главната расправа продолжи во доказна постапка на која беа испитани 2ца сведоци предложени со листата на докази на одбраната. Сведоците беа директно испитани од страна на одбраната, а потоа јавниот обвинител пристапи кон вкрстено испитување. На денешната расправа беше повикан уште еден сведок предложен од одбраната но на денешното рочиште одбраната истакна предлог за повлекување на овој сведок со образложение дека работната позиција на сведокот не била поврзана со предметот. Јавниот обвинител се согласи со ваквиот предлог, иако наведе дека пред да почне испитувањето на сведоците одбраната треба да наведе на кои околности истите ги предложило, се со цел да не се злоупотреби предлагањето на докази од страна на одбраната. По истакнувањето на ваквиот приговор, одбраната пред да започне со испитување на сведоците ги наведуваше околностите за кои тие се повикани денеска да го дадат својот исказ.

## КОК 66/17 под кодно име „Монструм“

На **12.12.2019** година главниот претрес продолжи во фаза на дополнение на доказната постапка на која се изведуваа материјални докази и докази прибавени со  ПИ-мерки. При изведувањето на Пи-мерките јавноста беше исклучена поради заштита на лични податоци на лице вработено во УБК.

На **27.12.2019** на главниот претрес продолжи во фаза на дополнение на доказна постапка и се презентираше доказ аудио визуелен запис предложен од страна на одбраната. Претресот се одложи поради прибавување на дополнителен материјален доказ.

## КОК 99/16 под кодно име „Шпион“

На **23.12.2019**се дадоа завршните зборови од страна на обвинителството, одбраната и обвинетите.

Пред почнување на претресот судот констатираше дека прво обвинетиот во предметот уредно викан за денешниот претрес, не е присутен. Неговиот бранител кажа дека обвинетиот е болен со температура и дека нема да присуствува на денешниот претрес. Судечкиот судија истакна дека ова го смета како намерно одолговлекување на постапката, и по консултација со другите обвинети во постапката и јавниот обвинител донесе решение со кое постапката за прво обвинетиот ја раздвои и за истиот нареди стражарно донесување на наредниот закажан претрес, а за останатите обвинети претресот продолжи во фаза на давање на завршни зборови. На 21.01.2020 се закажа објава на пресуда.

# ПРЕДМЕТИ НА ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО ЗА ГОНЕЊЕ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И КОРУПЦИЈА

## КОК 38/19 под кодно име “Ликвидација“

На **05.12.2019** главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка, и беа испитани двајца сведоци предложени од страна на јавното обвинителство. На одбраната и беше дадена можност за вкрстено испитување на сведоците но истата не беше искористена.  При испитување на сведоците, беа користени искази кои биле дадени во претходна постапка, заради потсетување на околности на кои не се сеќавал сведокот. Судот го искористи своето право согласно чл. 383 став 5 да поставува прашања, но испитувањето прерасна во посебно испитување, односно беа поставувани прашања за разјаснување на факти кои не биле доволно разјаснети во обвинителниот акт.

## КОК 88/15

На главната расправа од **04.12.2019** се презентираа материјални докази предложени од страна на обвинителството, а добиени од оштетеното правно лице. Материјалните докази се изведуваа преку презентирање на нивната содржина од страна на судот. Еден од материјалните докази - Пресуда од словенски суд, не беше преведена на македонски јазик, по што судот го задолжи оштетеното правно лице во рок од две недели да достави превод на пресудата и истата да биде доставена и до одбраната.

## КОК 89/19

На **17.12.2019** главната расправа продолжи во доказна постапка на која се испитаа двајца сведоци предложени од страна на јавното обвинителство. По завршување со директното испитување, претседателот на судечкиот совет побара од странките да завршат на денешната расправа само со директното испитување, а во насока на исцрпниот исказ на сведоците и поради многу нови факти и околности кои советот ги дознал на денешната расправа. Јавниот обвинител истакна дека нема потреба да се одолговлекува постапката како и да се повикуваат сведоците повторно, додека пак одбраната побара дека одлагањето ќе биде во нивна корист за да можат да го добијат записникот со исказот на сведоците и да се подготват за вкрстено испитување.

Судот го одложи рочиштето и донесе решение на следното рочиште да се повикаат повторно истите сведоци и да се испитаат вкрстено.

## КОК 115/16 под кодно име „Еразмус“

На **10.12.2019** главната расправа продолжи во фаза на доказна постапка и на истата беше испитан сведок предложен во листата на докази на јавното обвинителство. Сведокот најпрво беше испитан директно испитан, а потоа одбраната ја искористи можноста и вкрстено го испита сведокот. Судот во текот на испитувањето водеше сметка за поставените прашања. Странките исто така во текот на испитувањето истакнуваа приговори за начинот на поставените прашања, кои приговори беа забележани на записник.

На **23.12.2019** главната расправа продолжи во доказна постапка. На расправата 2ца од обвинетите ја дадоа својата одбраната пред судот, и беа испитани директно од нивните бранители, а потоа јавниот обвинител вкрстено ги испита обвинетите. Главната расправа се одложи поради подготовка на завршните зборови на странките.

## КОК 116/19 под кодно име „Рекет“

На **03.12.2019** година главната расправа започна со доцнење од 1 саат поради спроводот од притвор на првообвинетиот затоа што бил на лекарски преглед. Обвинетиот кажа дека не се чувствува добро за да може да го следи судењето. Судот донесе решение да се направи пауза од 1 саат и се повика

брза помош за да може да се направи преглед на обвинетиот, по што се констатираше дека обвинетиот имал стресна реакција, но дека може да продолжи да го следи судењето.

Потоа, започна главната расправа, се утврди идентитетот на обвинетите и се дадоа воведни говори од страна на јавниот обвинител, бранителите и обвинетите. Од воведните говори на јавниот обвинител и обвинетите делумно можеше да се разбере кои решавачки факти ќе се докажуваат во текот на оваа постапка. 3цата обвинети беа прашани од страна на судот дали разбираат за што се обвинети, за што потврдно одговорија, а потоа судот им ги наброи правата кои ги имаат во постапката, односно правото на бранител, правото да се бранат со молчење или да дадат исказ, да даваат забелешки, да изнесуваат докази во своја одбрана и да поставуваат прашања на сведоците и вештаците, и побара од обвинетите да се произнесат по однос на вината. Второобвинетиот во овој предмет се изјасни пред судот дека се чувствува виновен и дека сака да ја призне вината. Првообвинетиот и трето обвинетата се изјаснија дека не се чувствуваат виновни по однос на делото кое им се става на товар.

По признанието на вина, судот ја раздвои постапката за второбвинетиот и заведе нов предмет под број КОК 131/19. После утврдувањето на судот во врска со даденото признание закажа објава на пресуда поради признание на вина на 04.12.2019 година.

Одбраната на другите двајца обвинети во предметот истакнаа предлог до судот да се издвојат докази – аудио и видео снимки кои се предложени од страна на јавниот обвинител, а прибавени преку сведок во оваа постапка бидејќи истите биле стекнати на нелегален начин. Судот го одби ова барање поради јавниот интерес на овој предмет. Судот закажа повеќе рочишта за одржување на главната расправа во текот на месец јануари.

На **04.12.2019** година судот јавно ја објави пресудата за раздвоената постапка **КОК 131/19** со која му изрече на второ обвинетиот ефективна казна затвор во траење од 3 години, и согласно член 47 од КЗ во изречената казна затвор на обвинетиот му се засметува и времето поминато во притвор и во куќен притвор сметано од 15.07.2019 година до правосилноста на пресудата, односно до започнување со издржување на казната, но најдолго додека не истече времето на траење на изречената казна затвор.

На **06.12.2019** главната расправа продолжи со доказна постапка и се испитуваше 1 сведок кој што е предложен со листата на докази на обвинителството и на одбраната. Поради овие причини и економичност на постапката редоследот на испитувањето на сведокот се одвиваше:

-директно од ЈО

-вкрстено од одбраната на првообвинетиот

-директно од одбраната на првообвинетиот

-вкрстено од одбраната на второобвинетата

-дополнително од ЈО.

Судот не дозволи вкрстено испитување од страна на ЈО.

Со оглед на тоа дека и одбраната на второобвинетата го има предложено истиот сведок за директно испитување адвокатот побара да го испитаа откако ќе се изведат материјалните докази, но судот

ваквиот предлог го одби и образложи дека повторно ќе може да се испита сведокот во дополнение на доказна постапка. Во текот на главната расправа учесниците во постапката како и сведокот беа опоменати на записник поради непочитување на редот во судницата.

На **10.12.2019** на главната расправа во доказна постапка се испитуваа 2ца сведоци предложени од страна на јавното обвинителство и со листата на докази на одбраната. Поради економичност и ефикасност на постапката сведоците беа испитани директно од јавниот обвинител и одбраната, а потоа вкрстено само од одбраната. При директното испитување од страна на јавниот обвинител беше поставено едно прашање и сведоците исказот го даваа во форма на раскажување на се она што се сеќаваат, а е поврзано со предметот. Расправата се прекина поради повикување на нови сведоци.

На **25.12.2019** на главната расправа во доказна постапка беа испитани 3ца сведоци предложени од страна на обвинителството. Најпрво директно се испитаа сведоците од страна на јавниот обвинител, а потоа одбраната ја искористи можноста и вкрстено поставуваше прашања на сведоците. При испитувањето на сведоците беа користени изјави дадени во претходна постапка поради различни искази на денешното рочиште. Исто така, на сведоците им беа предочувани докази во текот на испитувањето.

На **27.12.2019** на главната расправа беа испитани 2ца сведоци предложени со листата на докази на јавното обвинителство. Сведоците беа испитани директно од јавниот обвинител, а потоа вкрстено од страна на одбраната. Приговорите беа нотирани на записник додека пак судот во текот на испитување внимаваше на поставените прашања од страна на странките во постапката и без истакнати приговори.

## Коментар:

Од набљудуваните рочишта се забележува трендот на одолговлекување на постапката првенствено поради отсуство на бранителот и на обвинетиот, а поретко и на јавниот обвинител. Во определени случаи причини за одлагањето се и неусогласеноста помеѓу судските календари на судечките судии и овластените тужители, така што им се преклопуваат однапред закажани рочишта за различни предмети. Сметаме дека ваквата практика би требало да се отстрани со навремено нотирање на закажаните рочишта во АКМИС системот и придржување до закажаните рочишта од стрна на судот и јавниот обвинител.

Дотолку повеќе правилното управување со рочиштата би ја отстранило практиката кога определени рочишта би траеле предолго, дури и по завршување на работнот време на судот, само поради оправдување на фактот дека определен предмет е под ризик да застари. Токму затоа сметаме дека судот за да ги одбегне ваквите случаи би требало да ги користи сите процесни механизми кои што му се нарасполагање за навремено управување со предметот, а особено имајќи ги предвид одредбите кои што се предвидени во ЗКП за определување на дополнителни судии или судии поротнии во судечкиот совет, особено доколку во конкретните случаи е познато дека поради возраста определени членови на судскиот совет треба да се пензионираат, а со тоа и во услови на недовршена главна расправа истата нужно да треба да започне од почеток, со што се оптоварува рокот за застареност во конкретните случаи. Разбирливо, во вакви случаи обвинетиот и неговиот бранител, би ги искористиле сите процесни можности за да го одолговлечат решавањето.

Може да се констатира дека опстојува практиката кај судот наместо по завршеното вкрстено испитување да постави прашање само во насока на расчистување на определени факси, согласно неговата надлежност уредена во ЗКП, судот да спроведе целосен распит на сведокот или на обвинетиот. Сметаме дека оваа практика на судот би требало да биде ограничена, особено имајќи го предвид фактот дека судот во текот на директното и вкрстеното испитување на сведоците внимава на дозволеноста на прашањата, а согласно на тоа и не би требало да прави упад во теоријата на случајот на странките преку неговото дополнително испрашување.

Определни проблеми увидовме во насока на нецелосното нормирање на улогата на техничките советници во ЗКП, особено во случајот пога има повеќе сообвинети и кога овие технички советници се именувани за поединечни вештачења. Па така, сосема оправдана е дилемата дали во вакви услови судот би требало да го остави техничкиот советник во судницата или да го отстрани до доаѓањето на ред на сведочење на вештакот за кој конкретниот технички советник е предложен на лситата на докази. Токму оваа практика, заедно со практиката за утврдувањето на начинот на изведување на материјалнтие докази, сметаме дека би требало да се доуредат во следните измени на ЗКП, а со цел имање на унифициран начин на постапување од страна на судовите во овие случаи.

Исто така, сметаме дека судот би тербало да го почитува редоследот на изведување на докази предложен од страна на странките и да се отстрани практиката еден ист сведок кој е почен како сведок на двете стрнаки да биде испитан на едно рочиште. Ова од причина што тој сведок сведочи различни околности, кои во зависност од теоријата на случајот на странката има смисла да биде изведен во согласност со редоследот на изведување на доказите, согласно тероијата на случајот. Во спротивно, сегашната практика води кон бесмисленост на изведувањето на сведочењето на сведокот како доказ, а

со самото тоа и странката која последователно би требало да го изведе истиот сведок како доказ, најчесто и да се откаже од доказната вредност од ова лице. Па така, и покрај фактот дека на овој начин едно исто лице би се повикувало на два наврати пред судот, сметаме дека во насока на остварувањето на фактичката потрпепеност на убеденоста на судот надвор од разумно сомневање ваквиот товар на траењето на кривичната постапка е оправдан.

Во насока на изведувањето на доказите, се уште се чини оправдан аргументот дека странките доаѓаат неподготвени при изведувањето на исказите на сведоците. Па така, за жал, сѐ уште се поставуваат неправилни прашања или уште полошо од судот се бара одлагање заради подготовка на вкрстеното испитување, со што само се нарушува динамиката и веродостојноста на исказот на сведокот. Ова од едноставна причина што вкрстеното испитување има смисол само доколку е непосредно последователно на директното испитување со што би се увиделе евентуалните неконзистентности на исказот даден во директното сведочење.

Од набљудуваните рочишта се увиде една интересна практика, кога еден од сообвинетите на главната расправа го призна делото, а со тоа и судот веднаш постапката ја раздвои и за ова лице донесе пресуда. Овој пример само ја апострофира потребата од преиспитување на ова решение од ЗКП, бидејќи во овие случаи се чини дека сообвинетиот што ја признал вината може да добие поинаков исход од другите сообвинети во кривичната постапка, и покрај фактот дека се работи за сообвинети лица кои заедно го сториле делото, а сходно на тоа би требало и да ја делат судбината на истото, се разбира корегирано согласно сопствената умисла на секој од соизвршителите.